2008 2008 2008

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ RAPORTI I PUNËS ANNUAL REPORT

Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonise
Macedonian Red Cross



*Книгата „Сеќавања за Солферино”, Анри Динан ја напишал поттикнат од стравотиите на една битка, која понатаму доведе до создавање на хуманитарно движење кое денеска е присутно во целиот свет. Хуманитарниот дух кој владее во Црвениот крст/Црвената полумесечина, од самиот почеток е поврзан со ситуации во кои на човекот му е потребна помош од оние кои се во состојба да ја дадат.*

# Содржина


| | |
|---|---|
| Принципи/Визија /Мисија | 4 |
| Порака од Претседателот и Генералниот секретар на Црвениот крст на Република Македонија | 5 |
| Интензивна надградба на капацитети | 6 |
| Истражување на ставовите и мислењата на корпоративниот сектор за Црвениот крст на РМ | 8 |
| Организација и развој | 10 |
| Дисеминација | 12 |
| Здравствено - превентивна дејност | 16 |
| Прва помош | 18 |
| Крводарителство | 20 |
| Социјално - хуманитарна дејност | 22 |
| Подготвеност и дејствување при катастрофи | 26 |
| Млади на Црвен крст | 30 |
| Информирање и односи со јавност | 34 |
| Објавени материјали | 36 |
| Меѓународна соработка | 38 |
| Служба за барање | 40 |
| Реализирани проекти | 42 |
| Финансиски извештај за 2008 година | 44 |
| Членови на Извршен одбор на Црвениот крст на РМ | 50 |
| Извештај на независниот ревизор | 51 |
| Истражување на јавното мислење за доверба во граѓанското општество | 52 |
| Благодарност до волонтери, членови на организацијата, партнери и донатори | 54 |
| Договори и Меморандуми за соработка | 55 |

# ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ДВИЖЕЊЕТО

**ХУМАНОСТ** Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина настана како резултат на желбата да им се помогне на ранетите на бојното поле и тоа без било каква пристрасност, како и да го спречи и олесни човековото страдање секогаш кога е тоа можно. Целта на движењето е да го заштити животот и здравјето и да го почитува човекот. Промовира заедничко разбирање, пријателство, соработка и траен мир меѓу сите луѓе. **НЕПРИСТРАСНОСТ** Не прави дискриминација врз основа на национална, расна, верска и класна припадност или политичко убедување. Настојува да ги олесни страдањата на поединците, водејќи се исклучиво од нивните потреби но, давајќи приоритет на најитните случаи. **НЕУТРАЛНОСТ** За да ја ужива довербата на сите, движењето не смее да зазема страна од политичка, расна, верска или идеолошка природа. **НЕЗАВИСНОСТ** Движењето е независно. Националните друштва иако делуваат како дополнение на хуманитарните служби на владите и се предмет на регулирање на националното законодавство, мораат да ја зачуваат автономноста за да можат да дејствуваат во секое време, согласно со принципите на Движењето. **ДОБРОВОЛНА СЛУЖБА** Тоа е движење за давање на доброволна помош кое не е инспирирано од материјални побуди. **ЕДИНСТВО** Во една држава може да има само едно национално друштво на Црвениот крст или Црвената полумесечина. Мора да биде отворено за сите и да ја извршува својата хуманитарна работа на целата територија во земјата. **УНИВЕРЗАЛОСТ** Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, во кое сите друштва што го сочинуваат имаат еднаков статус, одговорности и должности взаемно да се помагаат, делува во целиот свет.

# ВИЗИЈА

## НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Мора да бидеме подготвени да ги искористиме можностите на почетокот, бидејќи да се биде на крај значи да се биде надвор од играта. Ние сме дел од хуманото семејство и ќе бидеме лидер во реализацијата на хуманата мисија.

# МИСИЈА

## НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Црвениот крст на Репулика Македонија е хуманитарна, волонтерска организација која делува согласно со основните принципи на Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, работејќи на планот на обезбедување помош и услуги за ранливото население и промовирање на меѓународното хуманитарно право и хумани вредности“.

*Пораките кои произлегуваат од овој извештај зборуваат за нашите постигнувања, предизвици и заложбите кои ги превземаме за претстојниот период. Докажуваме дека хуманоста и хуманитарната акција вродуваат со плод во многу сегменти на нашето општество како резултат на континуираните напори на илјадници волонтери и вработени на Црвениот крст на Република Македонија. Токму затоа остануваме цврсто заложени да направиме позитивна разлика во животот и заштитата на човековото достоинство на ранливото население во локалните заедници во нашата држава.*

*Со цел да се запази интегритетот на нашата организација и довербата на граѓаните на Република Македонија со кои и за кои работиме, во процесот на имплементација на програмските и проектните активности постојано се навраќавме на нашите основни приницпи на Движењето, за да се увериме дека актив- ностите кои ги превземаме се во духот на овие принципи.*

*Нашите активности во 2008 година беа насочени кон хуманитарните предизвици и кризни состојби но и на подготовка и планирање, поддршка на локалните заедници во надградба на капацитетите, обезбедување можности за ранливото население да го подобри својот живот како и напорите за внатрешно реструктуирање на организацијата за постигнување на поголема ефикасност во работењето.*

*Клучен аспект во овој процес беше градењето на партнерски односи со владините институции, меѓународни организации, корпоративниот сектор и Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина. Изградените партнерски сојузи овозможија имплемет- ација на широк спектар на програми и проекти преку кои успешно се соочивме со многу предизвици на здравствено превентивен план, социјални проблеми, подготвеност и отстранување на последици предизвикани од катастрофи, младински активности, дисеминација, надградба на сопствените капацитети и капацитетите на локалните заедници.*

*Во изминатата година направивме иновативни чекори на планот на градење на ефикасен информативен менаџмент систем, менаџирање на кадровските ресурси и мобилизирање фондови за имплементирање на програмски и проектни активности во насока на создавање силна основа за долгорочно одржливо работење. Програмските области на националното друштво беа предмет на опсежна процена и евалуација што резултираше со подготовка и донесување стратегии и долгорочни оперативни заложби за секоја дејност на организацијата. Изминатата година беше изборна година што ја одбележаа многубројни обуки и инструктивни средби за кадровските потенцијали на општин- ските организации на Црвен крст. Имајќи предвид дека успешноста на организацијата се мери токму на локално ниво каде се обезбедуваат услугите и поддршката за крајните корисници, наша примарна заложба во претстојниот период е да продолжиме со континуирана надградба на кадровските и материјалните капацитети на нашите општински организации. Трансформација и реорганизација на Црвениот крст на Македонија позитивно се одвиваат во изминатите четири години што ни дава за право да веруваме дека се движиме во правилна насока на остварување на нашата заложба да бидеме национално друштво кое добро функционира способно да се соочи со предизвиците и потребите на различни категории на население кои ги опслужува Црвениот крст на Република Македонија.*

*Успехот на нашата работа се мери преку бројот на опслужени корисници на наши услуги и промотивни активности, а нив ги имаше многу во изминатата година. Годишниот извештај на Црвениот крст на Република Македонија содржи кратка ретроспектива на имплементираните програмски и проектни активности, нашите резултати и постигнувања и реформските определби кои се зацртани за претстојниот период.*

*Саит Саити*

*Генерален секретар*

*Др Милчо Трајков*

*Претседател,*





Изминатата година посебно ја одбележа успешната проектна апликација на Црвениот крст на Република Македонија поднесена и одобрена од Фондот за интензивна надградба на капацитети на Меѓу- - родната Федерација. Црвениот крст на Република Македонија беше единственото избрано национално друштво од Европа кое со поддршка на Фондот ќе имплементира активности во период од три години насочени кон понатамошен развој на материјално - техничките и кадровски капацитети на општинско и државно ниво со цел Црвениот крст на Република Македонија поуспешно да се справува со предизвиците со кои се соочува ранливото население во локалните заедници.

Активностите предвидени во проектот започнаа да се имплементираат кон средината на 2008 година во три програмски области и тоа: градење на ефикасен информативен менаџмент систем, менаџмент на волонтери и вработени и мобилизирање на фондови. Покрај средствата обезбедени од Фондот за интензивна надградба на капацитети на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, сите активностите кои се реализираа во наведениот период, но и во следните две години се поддржани и од Фондот за Развој на Црвениот крст на Република Македонија, при што Црвениот крст на Република Македонија се јавува како полноправен партнер на Меѓународната Федерација во реализацијата на проектот.

## ЕФИКАСЕН ИНФОРМАТИВЕН МЕНАЏМЕНТ СИСТЕМ

Инкорпорирањето на новите достигнувања и можности на информативно комуникациските технологии во работата на една организација претставува клучен елемент за суштинска надградба на капацитетите, побрз проток на информации, зголемена транспарентност и автоматско обработување на податоците на сите интегрални делови на националното друштво. Примарна цел на оваа активност е да се воспостави компјутерска мрежна инфраструктура и електронско поврзување на Централата на Црвениот крст на Република Македонија со општинските организации на Црвен крст. Функционалните цели кои ќе се постигнат се градење на електронска мрежна структура на организацијата, континуиран преглед на информации за ресурси, настани и спроведени активности, on line фото галерија, анализа на демографски и други организациски карактеристики, структура и организација на кадровски и материјално-технички ресурси, анализа и извештаи на организациските единици, програми, проекти и активности.



Во последниот квартал од 2008 година започнаа подготвките и инсталацијата на новиот информативен менаџмент систем, а до крајот на 2008 година беше спроведено и мрежното поврзување на Централата, Црвен крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст во Скопје, а веќе во февруари следната година мрежно ќе се поврзат и останатите општински организации ширум Македонија и ќе се подготват софтверските апликации за различни програмски содржини на националното друштво.

## МЕНАЏМЕНТ НА ВОЛОНТЕРИ И ВРАБОТЕНИ

Уште од самото формирање на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина волонтерите се движечка сила за имплементирање на активности наменети за помош и грижа на ранливо население. Мобилизирањето на волонтери од локалните заедници за задоволување на локалните потреби е една од приоритетните задачи и цели на Црвениот крст на Република Македонија. Токму заради тоа една од приоритетните заложби на Црвениот крст на Република Македонија е развивање на форми и модели за привлекување и задржување на волонтери за спроведување на секојдневните активности промовирајќи ги основните принципи и хумани вредности на Движењето. Менаџирањето на волонтери и вработените лица претставува процес на планирање и одлучување, организирање, раководење и контролирање на човечките ресурси и финансиски менаџмент заради остварување на целите на организацијата на ефективен и ефикасен начин.

Активностите кои се имплементираат во првата фаза од проектот за „Интензивна надградба на капацитети“ се адаптација на Упатството за имплементација на Правилникот за волонтирање на Меѓународната Федерација, Публикацијата за менаџирање на волонтерскиот циклус, и Прирачникот за менаџирање на волонтери. Тие послужија за подготвување на Стратегијата за волонтерство на Црвениот крст на Република Македонија за периодот 2008 - 2012 која беше јавно презентирана на 4 декември во рамки на одбележувањето на Светскиот Ден на волонтерството.

## МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ

Во рамки на активностите кои се превземени и планирани во првата година од имплементација на проектот за интензивна надградба на капацитетите на националното друштво, особено за одбележување е спроведеното истражување за ставовите и мислењата на корпоративниот сектор за Црвениот крст на Република Македонија. Резулатите од ова истражување послужија за подготвување на Стратегија за мобилизирање фондови на ЦКРМ за периодот 2008-2012, која беше јавно презентирана пред корпоративниот сектор во месец Јуни 2008 година.

Сите овие активности треба да придонесат за стекнување нови вештини и знаења за мобилизирање фондови во општинските организации на Црвен крст кои ќе се искористат за програмски и проектни активности. Имплементацијата на проектот ќе придонесе за воспоставување на ефикасен внатрешен систем за спроведување маркетиншки активности, градење на нормативна рамка за мобилизирање фондови и секако зголемени можности на националното друштво на сите нивоа за успешно обезбедување на материјално финансиски и други средства за потребите на организацијата.

**Во насока на привлекување на нови партнери и поддржувачи на активностите на Црвениот крст спроведено е истражување на пазарот, посебно во делот на унапредување на соработката со локални компании како и испитување на интересот за волонтирање и партиципирање во работата на Црвениот крст на РМ.**

Спроведеното истражување на пазарот претставува појдовна основа за согледување на интересот на корпоративниот сектор за поддршка на хуманитарните цели на Црвениот крст.

Добиените резултати од истражувањето на бизнис секторот спроведено во март 2008 година во Македонија, на кое земаа учество 151 претпријатие покажува дека:




- 20% од испитаниците истакнале дека се добро запознати со активностите кои организацијата на Црвениот Крст ги превзема во Република Македонија.

Во однос на прашањето кое се однесува на основните активности на Црвениот Крст во РМ најчесто споменувана е примарната активност на Црвениот Крст- хуманитарната помош.

- Одговорите од истражувањето покажаа позитивна тенденција и висока согласност дека Црвениот Крст на РМ е организација која е посветена на целите за кои се залага.




- Високата репутација која Црвениот Крст ја ужива во Република Македонија се гледа во 88 % на позитивни одговори од испитаниците од корпоративниот сектор во Македонија.

- Во најголемиот број од случаите 60 % од испитаниците навеле дека би донирале во хуманитарна организација ако точно

се запознати со тоа за што би се користеле средствата, а 48 % од испитаниците истакнале дека би донирале кога би имале повеќе финансиски средства.

■ Само 7 % од вкупниот број на компании имаат некаков план или програма за соработка со невладиниот сектор, наспроти 68 % кои немаат таква програма ниту пак размислувале за тоа.

■ Најголем број од компаниите (64 %) донирале по неколку пати парични средства во хуманитарни цели, 7 % од нив донирале само еднаш, а 8 % донираат континуирано.

■ За поголемиот дел од анкетираните претпријатија (59 %) јавниот углед на хуманитарната организација е на прво место при донесувањето на одлука за соработка со неа, а веднаш потоа следува и степенот на информираност за активностите на хуманитарната организација.




■ Најголемиот дел од претпријатијата (70 %) се наклонети кон поддржување на конкретен проект на Црвениот Крст, додека 25 % од нив би поддржале повеќе активности на Црвениот Крст на Република Македонија.

■ Поголемиот дел од испитаниците кои беа дел од истражувањето не се запознати со законот за спонзорства и донации. Околу 35% од испитаниците истакнале дека им е познат законот.

■ За евентуално вклучување во идни активности на ЦКРМ спремност изразиле 39% од испитаниците и тоа 25% со финансиска поддршка и 14% како волонтери.




За евентуално вклучување во идни активности на ЦКРМ спремност изразиле 39% од испитаниците и тоа 25% со финансиска поддршка и 14% како волонтери.

Кога се навраќаме на 2008 година за да ги сумираме резултатите кои што се постигнаа во делот на развој и кадровска политика на Црвениот крст на РМ, може да се потенцираат неколку моменти карактеристични во нивната реализација.

### Спроведување на изборните активности во општинските организации на Црвениот крст на РМ и одржување на конститутивно изборното Собрание на Црвениот крст на РМ за мандатниот период 2008 – 2012 година

Извршниот одбор на Црвениот крст на РМ на почетокот на 2008 година, ги усвои сите потребни документи за успешна реализација на зацртаните активности за спроведување на предизборните и изборните активности, се со цел да се спроведе зацртаната политика на Црвениот крст на РМ.

Истовремено посебно треба да се нагласи реализацијата на евидентирањето на членовите на Црвениот крст во секоја општинска организација поодделно, што беше еден од важните предуслови за евиденција и прифаќање на можните членови за составот на Собранието на Црвениот крст на РМ во претстојниот четиригодишен мандат. За време на изборите се внимаваше на почитувањето на утврдените критериуми за предложените членови на Собранието на Црвениот крст на РМ.




## Стратегијата за волонтерство



Работата на Црвениот крст на РМ се заснива на активитетот на бројните волонтери на организацијата. Заради понатамошно осовременување и унапредување на активностите на овој план, Извршниот одбор на Собранието на Црвениот крст на РМ, усвои Стратегија за волонтерство која ја регулира оваа особено важна дејност за работењето на организацијата. Истата беше промовирана на 04.12.2008 година.

## Работа на Собранието на Црвениот крст на РМ

Собранието на Црвениот крст на РМ, во текот на 2008 година одржа две редовни седници согласно Програмата за работа во 2008 година и една Конститутивно изборна седница за мандатиот период 2008 – 2012 година.На седниците на Собранието на Црвениот крст на РМ, се работеше по предложени и усвоени 26 точки на дневниот ред.

# Работа на Извршниот одбор на Собранието на Црвениот крст на Република Македонија

Извршниот одбор на Собранието на Црвениот крст на РМ, во извештајниот период одржа 11 седници, од кои шест во стариот состав и пет во новиот состав на Извршниот одбор.

| Седници | 30. | 31. | 32. | 33. | 34. | 35. | 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на точки на д.ред | 30 | 26 | 23 | 16 | 17 | 2 | 2 | 17 | 23 | 17 | 12 | 184 |
| Одлуки | 17 | 8 | 6 | 7 | 7 | 1 | 1 | 8 | 11 | 8 | 10 | 84 |
| Информации | 7 | 10 | 10 | 8 | 7 | 1 | 1 | 8 | 5 | 6 | | 63 |
| Избори / Именувања | | | 1 | | | | | | 1 | 1 | | 3 |
| Стратешки документи | | | | | | | | 1 | | 1 | 1 | 3 |
| Извештаи / Програми | 1 | 4 | 2 | | 1 | | | | 3 | | | 11 |
| Правилници | 3 | 2 | 4 | 1 | 2 | | | | | 1 | 1 | 14 |
| Планови | 1 | | | | | | | | 3 | | | 4 |
| Барања | | 2 | | | | | | | | | | 2 |

## Комисија за развој и кадровски прашања

Комисијата за развој и кадровски прашања во извештајниот период одржа 4 седници. На седниците на комисијата, членовите расправаа по 14 точки.

## Работа на работните тела на Извршниот одбор на Собранието на Црвениот крст на РМ

Во текот на 2008 година сите постојани и времени тела на Извршниот одбор на Собранието на Црвениот крст на РМ, со планираната динамика ги реализираа активностите и согласно програмските активности ги одржаа своите седници.

## Едукативен тренинг центар - ЕТЦ



Во текот на извештајната година, просторните можности и опремата со која располага ЕТЦ, беа ставени во функција на Црвениот крст на РМ. Од месец мај па се до крајот на 2008 година, во просториите на ЕТЦ се реализираа: курсевите за едукација на предавачи и демонстратори по прва помош за возачи, курсевите за едукација на предавачи по прва помош за работни организации како и едукација на посетители на курсот за прва помош за работни организации од територијата на градот Скопје.

**Црвен крст на Република Македонија има добро воспоставени и одржливи капацитети за промоција на Меѓународното хуманитарно право (МХП), Основните принципи и хуманите вредности во согласност со потребите на внатрешните и надворешните целни групи**

**Стратешки план за дисеминација 2008 - 2010,**
**презентиран на средба со секретарите на општинските организации и пред дисеминаторите на работилниците за дообука на дисеминатори.**

**Основа за изготвување на Програмата за работа во 2008**

**Дали го реализиравме тоа што го зацртавме во Програмата ?**

## Надоградување на човечките ресурси за МХП



Одржани се работилници со дисеминатори со цел поширoко запознавање со тематски целини од области на МХП. Посебно внимание се посвети на работа со посебни целни групи на слушатели, преку соодветни алатки и методи за изведување на дисеминациски час и запознавање со стратешкиот документ за дисеминација. Иако работилниците имаа за цел да извршат дообука на веќе едуцирани дисеминатори, интересно е што учесниците кои за прв пат учествуваа на овој вид обука покажаа мотивираност со изразена волја за учество во активности на дисеминацијата, а пред се во обработка на теми од областа на МХП.




**„Лично и како дел од големото хумано семејство се чувствувам горд на непосредните искрени искажувања, мислења и записи на дисеминатори, интелектуалци, професори, наставници, педагози, психолози, социолози, правници, лекари, студенти, постипломци на дисеминациските сесии, обуки и дообуки во 2008 година, за позитивните ефекти и искуства од подготвеноста, пристапот, начинот, методологијата и применетите техники и алатки за пренесување на знаењата и информациите за хуманиот скелет, основни принципи и активитет на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина, Меѓународното хуманитарно право и Хуманите вредности како основни столбови на програмата за дисеминација на Црвен крст на Република Македонија и воопшто на МКЦК и Движењето. Многу е значајно што во тие искажувања и записи најчесто е присутно - наученото и новото и извршеното влијание за позитивни вредносни промени во односот кон средината, луѓето, животот и работата.**

**За мене е битно што тече еден успешен развоен концепт, отворен за креативни искажувања и можности и нови волонтери и оспособен и флексибилен за интегриран интеракциски активитет со владини и невладини структури во Република Македонија и надвор од неа.**

**Се надевам дека, овој приод со целна стратешка развојна и адаптибилна структуирана активност, ќе продолжи и во идниот период.“**

**Љупчо Милковски, волонтер**

# Мониторирање за време на одржување на дисеминациски сесии од општинските дисеминатори



Преку посетите на општинските организации, активното учество на работилниците за дообука и доставување на извештаите за дисеминација, ќе се врши селектирање на дисеминатори кои ќе бидат обучувани за специфични целни групи.




**„КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ - ПРЕДИЗВИК, НО И ОБВРСКА“** - мото под кое се одбележа 8 ми Мај Светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина и Неделата на Црвениот крст 8 - 15 Мај

Централното одбележување на 8 ми Мај се одржа во седиштето на Црвениот крст на Република Македонија, со промоција на доплатна поштенска марка издадена од Ј.П. Македонска пошта.

Во организација на Црвен крст на град Скопје беше организирано предавање за влијанието на климатските промени од страна на професорот Мирко Трипуноски од ФОН, кое се одржа во ДХО „Даре Џамбаз“.

Општинските организации на Црвен крст се вклучија во одбележувањето со свои активности како што се: предавања на дисеминатори во разни средини, организирани крводарителски акции, засадување на садници за заштита на животната средина, отворање на клуб на млади во ООЦК Струга, општински натпревари по прва помош и др.




ASTRA
симбол за
почит

## Изворно од Општинската организација

Одбележувањето на Неделата на Црвениот крст во Општинската организација на Црвен крст Прилеп не застана само на јавната манифестација, за зголемување и активирање на волонтерскиот потенцијал на организацијата реализирани се презентации на тема: “Справување со климатските промени”, дисеминаторска сесија за целна група – невработени, со нагласување на потребата за зголемување на волонтерскиот потенцијал - “Црвениот крст можност за сите”, а воедно беше реализирана и активна дистрибуција на пропаганден материјал од страна на младите волонтери на Црвен крст Прилеп.

## Советодавно тело за дисеминација

Комисијата за дисеминација ги поддржува планираните и ги усвојува извештаите за реализираните активности и значајните документи, што претставува предизвик и за новиот состав на Комисијата во мандатниот период 2008 - 2012.

## Поддршка, соработка и партнерство

## Меѓународен комитет на Црвен крст

■ Континуираната поддршка и соработка со Меѓународниот комитет на Црвен крст (МКЦК) продолжи и во годината кога делегацијата ја затвори својата канцеларија во Скопје. Во дефинирање на специфичната цел на годишниот план за акција на Црвениот крст на РМ, во фокусот на МКЦК се оперативните капацитети, со констатација дека:

Националното друштво има сигурни оперативни капацитети во структурата со директни одговорности за понатамошниот развој на програмата за дисеминација. Дисеминациските капацитети на НД за внатрешна и надворешна промоција се веќе надградени, вклучувајќи ја посебната обука за МХП. НД има добро разработени алатки за планирање и проценка на потребите со јасна стратегија за одржливост.

■ Црвениот крст на Република Македонија остварува се повеќе контакти со научно-образовниот кадар од високо образовните институции од областа на Меѓународното хуманитарно право, чие промовирање во иднина ќе се интензивира преку активностите на Националниот комитет за Меѓународно хуманитарно право во Република Македонија. Националното друштво е носител на активностите во изготвената Предлог-Програма за мерки за едукација и дисеминација по меѓународното хуманитарно право и заштита на амблемот на Црвениот крст, Црвената полумесечина и Црвениот кристал. Главната цел на Програмата е ширење на знаењето за основните принципи и постулати на МХП и движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина, како и изменување и дополнување на Законот за Црвен крст на РМ и донесување на нов Закон за Заштита на амблемот на Црвен крст, Црвената полумесечина и Црвениот кристал, со цел целосна имплементација на МХП.

Националниот комитет го сочинуваат преставници од министерствата за: надворешни работи, одбрана, правда, образование и наука, култура, здравство, финансии, труд и социјална политика, внатрешни работи, Генералниот секретаријат на Владата и Црвениот крст на Република Македонија.

■ Вклученоста на професорскиот кадар од високо образовните институции во вакви и слични активности, е од посебен интерес, бидејќи на овој начин се воспостави соработка со високи научни институции. МАНУ организираше научна расправа на тема „Европските стандарди за човековите права и нивната имплементација во правниот систем на Република Македонија“, која се одржа на 18 ноември 2008 година , а за која беше поканет и Црвениот крст на Република Македонија. Во рамки на организационата теза „Правата на жртвите од воени судири“, Црвениот крст на РМ, преку заеднички труд со Доц. Д-р Душко Стојановски при првиот приватен универзитет ФОН, го изготви резимето на тема „Корелација на Меѓународното хуманитарно право и меѓународното право за правата на човекот“.

## Перспективи

**Со потпишување на Меморандумите за соработка со владини и невладини институции се отвораат можности за остварување на стратешките цели.**

# Недела за борба против срцево-садовите заболувања

**Запознајте го ризикот! Вашиот начин на живот е Вашата најдобра одбрана од срцево-садови заболувања !**

Едукацијата на населението за навременото и правилно информирање за незаразните хронични заболувања, во кои спаѓаат и срцево-садовите заболувања претставува традиционална активност на Црвениот крст на РМ. За таа цел беше подготвен информативно-едукативен материјал, а општинските оргнизации на Црвениот крст одржаа типизирани предавања, трибини, медиумски настапи, манифестации за подигнување на јавната свест за значењето на здравиот начин на живот и потребата од навремена контрола на сопственото здравје.

# Недела за борба против ракот

**Размислете уште еднаш! Што правите со Вашето здравје?**




Црвениот крст на РМ во текот на Неделата за борба против ракот превзема активности со цел да се зголеми навременото и правилно информирање и мобилизирање на поединците и заедницата за редуцирање на ризикот од малигни заболувања, како и можностите за нивно рано откривање и соодветно лекување.

По тој повод, општинските организации на Црвениот крст дистрибуираа информативно - едукативен материјал, организираа предавања за специфични целни групи, трибини со различни институции и органицаии со цел ширење на знаењата за можностите од превенција на ракот и неговото рано откривање.

# Недела за борба против ХИВ/СИДА

**Стоп за СИДА-та. Одржете го ветувањето! Партнер во активностите на заедницата!**
**Партнер во остварувањето на Глобалната алијанса за ХИВ! Партнер со луѓето кои живеат со ХИВ!**

Целта на кампањата за борба против ХИВ/СИДА беше да се потенцира потребата од индивидуалното превземање на иницијатива, превземање на водството во својата средина, во борбата против стигматизацијата и дискриминацијата во својата заедница, во обезбедувањето на поддршка и грижа за лицата кои живеат со ХИВ/СИДА.

Црвениот крст на РМ континуирано работи на едукација на информирање на населението за превенција на ХИВ, со посебно внимание на групите со ризично однесување, како и градењето на капацитетите на врсничката едукација за ХИВ/СИДА кај различни целни групи.

Општинските организации на Црвениот крст особено ги интезивираа информативно - едукативните активности за време на Неделата за борба против ХИВ/СИДА кога преку едукативни сесии во младинските клубови и училиштата, медиумски настапи и музички настапи на јавни места се информира населението за превенцијата на ХИВ/СИДА, дестигматизација на ХИВ позитивните луѓе и грижата за нив.




# Клубови за промоција на оптимално доење и навремена дохрана на доенчиња и мали деца

Црвениот крст на РМ во 2008 година започна со реализација на проектот Клубови за промоција на оптимално доење и дохрана на доенчиња во две општински организации: Охрид и Кочани. Проектот имаше за цел да ги едуцира мајките за правилно доење и навремена дохрана на доенчињата и малите деца.
За таа цел беа формирани клубови во здравствените домови и просториите на Црвениот крст, каде беа организирани едукативни работилници. Преку теоретската и практична работа со мајките се промовираше концептот на ексклузивно доење и значењето на навремената и здрава дохрана на нивните деца. Во рамките на проектот се подготви и брошура на македонаски и албански јазик - Успешно доење и навремена дохрана и се градеа капацитетите за идна врсничка (мајка-на мајка) едукација и поддршка во клубовите.
Во општинската органицаија на Црвен крст Охрид проектот се реализираше со финансиска поддршка на Шпанскиот Црвен крст и беа одржани 20 работилници на кои присуствуваа 196 мајки.
Во оштинската организација на Црвен крст Кочани проектот се имплеметираше со финансиска подршка на Кандски Црвен крст и 110 мајки беа едуцирани на 16 работилници.






## Подобрување на контролата со туберкулоза во Р.Македонија

### 1. Организирање на флуорографски акции со цел активно пронаоѓање на случаи со туберкулоза

Главната цел на овој проект е активно пронаоѓање на случаите со туберкулоза помеѓу групите кои се под особен ризик за заболување со туберкулоза како што е ромското население и зголемување на процентот на успешно излекувани случаи од ова заболување.

За потребите на проектот беа изработени едукативно - информативна брошура за туберкулоза „Што е туберкулоза?“ и постер „Информирај се за туберкулозата!“.

Проектот започна со реализација во Прилеп и заврши доста успешно со опфаќање на 1254 претставници на ромското население. Со флуорографските акции во Битола беа реализирани 1024 флуорографски снимања. Во Струмица акциите ќе се реализираат во текот на месец март 2009 година.

### 2. Изработка на стратешки и оперативни планови на локалната самоуправа

Главната цел на проектот е изработка на локални акциони планови за подобрување на контролата со туберкулоза на локално ниво и усвојување на истите од страна на советот на општините опфатени со проектот. Црвениот крст има улога на фасцилитатор во креирањето на овие оперативни стратешки планови. Во текот на реализацијата на овој проект се користи методологијата на проектот ЗРЗ (Заеднички развој на заедниците).

Проектот започна со реализација во текот на 2007 год. во три општини Кичево, Велес и Тетово. Изработените локални планови за контрола на туберкулозата беа успешно усвоени од страна на советите на општините.

Во текот на 2008 год беа опфатени три нови општински организации на Црвениот крст Струмица, Гостивар и Прилеп. Проектот е во крајната фаза- изработка на локалните акциони планови по низа активности кои им претходеа како формирањето на локалните тимови, спроведувањето на теренското истражување и реализацијата на работилниците во голема група. Веднаш по нивното креирање истите ќе бидат доставени до советите на општините.

## Намалување на штети од користење на droги

Проектот за намалување на штети од употреба на дроги се реализира во три ООЦК Прилеп, Велес и Кичево.

Оваа програма е насочена кон намалување на штетните последици од користењето на дроги, а пред сé кон намалување на ризикот од ХИВ/СИДА, хепатитис Б и Ц и други крвно и сексуално преносливи инфекции, предозирање и други здравствени последици и социјални штети. Во текот на 2008 год. во трите центри беа постигнати следниве резултати

- дистрибуирани вкупно 2820 игли и 2459 шприцеви
- поделени вкупно 1374 бесплатни кондоми
- 218 медицински услуги како и советувања и едукација за ХИВ/СИДА, хепатит и други крвно и сексуално преносливи инфекции ,советување за беслатно тестирање за ХИВ/СИДА, едукација за безбедно инјектирање и безбедни сексуални односи на клиентите и нивните партнери , совети за штетните ефекти од користењето на дроги и информирање за видовите на третман
- 196 социјални услуги, информирање и советување од социјален работник
- услуги и советување од правно лице

За потребите на проектот беше подготвена и информативна брошура „Намалување на штетни последици од употреба на дроги“ со која клиентите ќе можат да се информираат за видот на услугите и помошта која можат да ја добијат во трите центри и каде да се обратат за да ги добијат истите.

Во рамките на проектот, освен овие услуги кои се нудат во центрите беа реализирани и семинари за обука на претставници од здравствените и социјалните центри, полицијата, локалната самоуправа и други институции кои се директно или индиректно инволвирани во имплементацијата на програмските активности предвидени со овој проект.



# Прво, навремено, квалитетно, вешто, хумано....
# Првата помош спасува живот

## Нов модел на првата помош

Црвениот крст на РМ е организација која веќе долг временски период одговорно и квалитетно ја изведува наставата за прва помош за кандидати за возачи на моторни возила согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ( Сл. весник на РМ бр. 54/2007) и подзаконските акти кои поодделно ја регулираат оваа проблематика.

Со цел да обезбеди максимален квалитет, Црвениот крст на Р. Македонија постојано ја унапредува организацијата на наставата, соработува со компетентни установи во земјава, ја акредитира едукацијата на предавачите, ја модернизира опремата за изведување на настава и овозможува мрежно поврзување со општинските организации на Црвениот крст.

Новините во организациониот пристап кои Црвениот крст на Р. Македонија ги превзема во текот на 2008 година, подразбираа донесување на нови интерни акти - правилници:

- Правилник за оспособување на кандидати за возачи на моторни возила со содржини од наставната програма за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода;
- Правилник за оспособување на предавачи и демонстратори за содржините на наставната програма за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода

Согласно тие правилници се спроведоа 8 едукативни циклуси на кои беа обучени 143 предавачи и 82 демонстратори за држење на настава по прва помош за кандидати за возачи на моторни возила.

Содржините и времетраењето на наставата по прва помош беа модифицирани и подобрени, како и начинот на евалуација на стекнатото знаење и вештини од првата помош. Електронската евиденција на наставата, како и можноста за компјутерско тестирање на кандидатите беше разработена со цел да се подобри објективноста и транспарентноста во работењето.



Новиот модел на прва помош беше свечено промовиран на 24.10.2008 пред претставниците на владините институции, медиумите, професионалниот и волонтерски кадар на Црвениот крст и беа презентирани новите едукативни прирачници: „Прва помош на патиштата" и „Прва помош на работното место".

## Прва помош за кандидати за возачи - безбедноста на патишта не е случајна!

Црвениот крст на РМ е активно вклучен во стратешката определба за зголемување на безбедноста на патиштата со зајакнување на предболничката грижа на повредените во сообраќајни незгоди преку подгнување на свеста на возачите и нивно едуцирање за давање на навремена и квалитетна прва помош на патиштата.

**17.954** кандидати за возачи на моторни возила беа успешно обучени за прва помош во случај на сообраќајна незгода во 34-те општински организации за Црвен крст во текот на 2008 година.

## Прва помош на работното место - безбедна и здрава работна средина




Развивањето на обука за прва помош на работното место за Црвениот крст на РМ е од непроценливо значење бидејќи истата многукратно ја зголемува сигурноста на работното место и ја зголемува безбедноста и здравјето при работа.

Црвениот крст на Р.М. во 2008 година подготви три различно екстензивни програми за прва помош на работното место, согласно ризикиот на работното место или работната задача. Се донесе и нов Правилник за реализирање на курсната настава по прва помош во работни организации и се подготви едукативен материјал - прирачник Прва помош на работното место. За едукацијата на 46 предавачи за овој вид на настава беа организирани 2 циклуси на настава.

Во 2008 година **1.100** вработени од јавниот и приватниот сектор посетија настава во општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје и успешно се обучија за давање на прва помош на работното место.

## Натпревари по прва помош



Црвениот крст на РМ традиционално организира и реализира државен натпревар по прва помош за младата популација  и на едукативно-забавен начин го промовира значењето на првата помош.

17 - от по ред државен натпревар по прва помош се одржа на 07.06.2008 година во Битола и на него учествоземаа 23 екипи на општинските организации на Црвениот крст и една ревијална екипа (екипата на ЦК на град Скопје која зема учество на натпреварот по прва помош помеѓу главните градови од државите на Балканот).

На манифестација покрај работните места по прва помош, беа поставени и работни места од натпреварувачко-забавен карактер.

По објавените резултати од напреварот по прва помош првото место го освои екипата од Битола, второто место Кисела Вода, а третото место екипата на Чаир.

## Светски ден на првата помош - Првата помош спасува живот



Сите луѓе се помалку или повеќе ранливи, но сите поседуваат способност да научат да дадат прва помош со цел да се зачува нечиј живот. Ова е клучната порака од Меѓународната Федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина и Црвенот крст на РМ за „Светскиот ден на првата помош,, која има за цел да се подигне јавната свест за улогата на првата помош во превенцијата од повреди и спасувањето на човечкиот живот.

На 13 септември 2008 година, Црвениот крст на РМ и дел од општинските организации со својот професионален и волонтерски кадар спроведоа бројни промотивни активности: демонстративни вежби за давање на прва помош, дистрибуција на едукативен материјал, медиумски настапи, симулации на можни повреди во собраќајни незгоди и приказ на хуманиот ланец на спасување, драмски приказ на можните дилеми кај секој човек при давањето на прва помош, анкети и квизови со кои граѓаните на РМ имаа можност да го проверат и освежат своето знаење за прва помош.

Црвениот крст на РМ и Црвениот крст на град Скопје по повод „Светскиот ден за прва помош“ започна кампања за промоција на првата помош - Првата помош спасува живот. За промовирање на кампањата беа изработени флаери, сити лајт постери, билборди, медиумски претставувања и видео спот со цел да се допре до што поголем дел од населението во РМ и да се посочи кон потребата од познавање на прва помош во секојдневниот живот.

## Мрежно поврзување на полето на првата помош

Црвениот крст на РМ во 2008 година, со финансиска поддршка на Шпански Црвен крст започна со имплементација на проектот Мрежно поврзување  на полето на првата помош.  Проектот кој ќе се одвива во едногодишни циклуси има за цел да ги стимулира општинските организации на Црвениот крст да направат сериозна анализа на сегашната состојба и да продуцираат поорганизиран пристап за регрутирање на волонтери, соработка со други организации (создавање на локални оперативни сојузи) и давање на волонтерски услуги од областа на првата помош. Во 2008 година во почетниот циклус се приклучија три општински организации на Црвениот крст: Велес, Кочани и Кавадрци, Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст во Скопје. Проектот овозможи преку координативни состаноци да се поттикне размената на искуства, споделувањето на значајни информации и создавање на иновативни пристапи во волонтерските активности по прва помош. Преку анализа на ситуацијата, идентификацијата на партнерите од заедницата и можноста за мобилизирање на ресурси, општинските организации на Црвен крст презвема конкретни волонтерски активности за едукација по прва помош на различни целни групи (пензионери, здруженија на жени, детската популација од градинките итн).

На овој начин се препознаа најдобрите искуства кои понатаму и пошироко ќе се применуваат во националното друштво и ќе послужат за издавањето на Прирачник за најдобрите искуства на полето на волонтерските активности по прва помош.

# Доделување на признанија за истакнати крводарители од Претседателот на државата




На 14-ти март 2008 година, Претседателот на Република Македонија г-дин Бранко Црвенковски во Собранието на Република Македонија, по повод 17 март приреди свечено доделување на државно одликување “Медал за заслуги за Македонија” на пет најмногукратни крводарители и тоа на Слободан Ценов, Борис Јанев, Рамадан Телкиу, Миливој Јанковски и Ацо Алексовски.




# 17 март - Ден на крводарителството во Република Македонија

На 17 март 2008 година, се одржа Свечена седница на Собранието на Црвениот крст на Република Македонија по повод Денот на основањето на Црвениот крст на Република Македонија и Денот на крводарителството.

Покрај обраќањето на Претседателот на Црвениот крст на Република Македонија Д-р Јован Дамјановски, претставник на министерството за здравство ги промовираше бенефициите за користење на определени видови на здравствена заштита на крводарителите кои дарувале крв над 10 пати.

Беа доделени награди за најуспешните три ООЦК Крушево, Штип и Виница во крводарителство во 2007 година. Крушево беше прогласено за најхуман град во 2007 година. Наградата ја прими градоначалничката на Крушево Лефкија Гаџоска. Беше доделено постхумно признание „Златен медал на Црвениот крст на Република Македонија” на Тоше Проески за неговиот придонес во хуманата мисија на Црвениот крст.



# Едукација на мотиватори за крводарителство

Во периодот од 29 мај до 1 јуни 2008 година во организација на Клубот на крводарители при Црвениот крст на Република Македонија се одржа семинар за едукација на мотиватори за доброволно крводарување.

На семинарот зедоа учество 20 претставници на клубови на крводарители при ООЦК од Скопје, Куманово, Штип, Битола, Велес, Тетово и Охрид, како и претставници од министерството за здравство на Република Македонија, Црвениот крст на Албанија, Црвениот крст на Бугарија, Асоцијацијата на доброволни крводарители на Италија (АВИС) и од хуманитарното друштво на железничари на Србија.

Од работата на семинарот произлегоа и повеќе заеднички заклучоци:
• Да се продолжи со промоција и отворање на повеќе клубови на крводарители при ООЦК во поголемите градови и да бидат во постојана координација со Централниот клуб на крводарители во Скопје;

• Да се запази традицијата за организирање на ваков вид на семинари за едукација на мотиватори во крводарителство со членови на клубови на крводарители и да се користат искуства од други клубови од странство;

• Мобилизирање на млади крводарители со цел нивно регрутирање и вклучување во крводарителски активности за понатамошно ангажирање во трајни крводарители и мотиватори;

• Проширување на соработката, координацијата, размената на информации и искуства, информатичко поврзување, дружење и сл.

## Изјава на Vincenzo Guzzo -претставникот на AVIS од Италија

*Го ценам начинот на кој беше поставен семинарот и содржините кои беа интересни, а поединечните обраќања беа на високо ниво. Немаше ни миг во кој вниманието кон референтот опаѓаше, секоја тема беше конструктивна и не беше тешка за следење.*

*Ништо не се одвиваше случајно, се беше образложено на јасен начин, без да се остава место за неправилни толкувања.*

*Искуствата и постапките во крводарителството во земјите учеснички, секако ќе можат да бидат од помош и за нашето Здружение, на сите нивоа.*

*Во Avis сум крводарител повеќе од 30 години, доживеав многу заеднички моменти во Здружението, моменти на соочување во самото него, но секогаш настојував да бидам внимателен кон сите тешкотии кои постепено ни се наметнуваа. Сето тоа ми помогна подобро да го разберам животот, но оваа последна “авантура” беше црешна на тортата.*

# Едукација на студенти за мотиватори во крводарителство

Во рамките на проектот “Мотивација на младата популација за доброволно крводарување” финансиски поддржан од Канадскиот Црвен крст, од 24 до 26 октомври во Струга се одржа семинар за едукација на мотиватори за крводарителство од редовите на студентска популација. Целта на овој проект е преку едукација на врснички мотиватори да се допринесе за поголем број на крводарувања на акциите кои се организираат на универзитетите во Скопје, Тетово и Битола.

Произлегоа неколку заклучоци и тоа:

• Да се формираат клубови на млади мотиватори за крводарителство во Скопје, Тетово и Битола;
•Да се изработи акционен план на крводарителски активности кои треба да се организираат на факултетите при овие универзитети;
• Заеднички да се подготви прирачник за млади едукатори во крводарителство;
• Да се разменуваат меѓусебни искуства.

Во рамките на проектот “Мрежно поврзување од областа на крводарителство - подобрување на доброволното крводарување кај младата популација “, финансиски поддржан од Шпанскиот Црвен крст, на 29 ноември 2008 година се одржа еднодневен инструктивен семинар за едукација на мотиватори за крводарителство од редовите на студентска популација.

Целта на овој проект е преку едукација на врснички мотиватори да се опфатат, мотивираат и регрутираат што поголем број на студенти, да се зголеми нивната свест за доброволно крводарување и да се организираат крводарителски акции на сите факултети при универзитетите во Скопје, Тетово, Битола и Штип.



Во рамките на социјално - хуманитарната дејност во текот на 2008 година беа имплементирани значајни акции и активности наменети за намалување на ранливоста на населението во заедниците, со примена на развојни инструменти за унапредување на методологијата за работа во националното друштво.

# Заеднички развој на заедницата - ЗРЗ

Црвениот крст на РМ во циклусниот период 2007/2008 година, преку општинските организации на Црвениот крст Кисела Вода-Скопје, Дебар, Делчево и Радовиш ЗРЗ програмата ја имплементираше во четири ранливи ромски заедници. Како резултат на извршените обуки на ЗРЗ тимовите, направената проценка на потребите и утврдените приоритети на заедниците, беа реализирани следните активности со активна вклученост на владините и невладини партиципиенти и членовите на заедниците:

■ Во заедницата „Врапче" во Кисела Вода - Скопје инсталирана е одводна мрежа во должина од 600 метри, урбанизиран е простор во локалната заедница како место за социјализација на населението, дружење, и можност за заедничко делување во разрешување на разни предизвици со кои се соочува заедницата, одржани се работилници од областа на здравствената превенција, планирање на семејството и заштитата на животната средина.

■ Во заедницата „Пустевски ендек" во Делчево поплочен е пристапен пат во - 265 М2; оддржани се работилници од областа за заштитата на животната средина и заразните заболувања; формирана е младинска еколошка патрола; поставени се две пристапни рампи за болни и парализирани лица до нивните домови и уредена е чешма за пиење вода.

■ Во заедницата „Ваков" во Дебар отворен е воспитно - едукативен и информативен клуб, каде се одржани курсеви за компјутери и занаети и едуцирани се вкупно 40 млади од сверата на информатиката и оспособени се 40 лица за вршење на занаети (20 заварувачи и 20 молерофарбари). Исто така одржани се работилници од областа на здравствената превенција и планирање на семејството.

■ Во заедницата „Шаин маале" во Радовиш се изврши описменување и доописменување на населението, со кое беа опфатени вкупно 76 лица од заедницата на возраст од 10 до 25 годишна возраст. Исто така одржани се работилници од областа на здравствената превенција и екологијата.

## Евалуација на ЗРЗ

Со цел да се добие целосна слика на реализираните ЗРЗ програмски активности, да се утврдат ефектите, како и да се извлечат научени лекции кои ќе придонесат во иднина да се подобри примената на алатките, беше направена евалуација на проектите имплементирани во заедниците, како и на ЗРЗ програмата на националното друштво.

## „За достоинствена старост"

Со цел да се побуди чувство кај луѓето за потребната грижа на старите и изнемоштени лица, посебно кај младите да се создаде навика за помагање и водење на поголема грижа за старите лица со пригодни активности беше одбележана „Неделата за грижа на старите лица". Општинските организации на Црвениот крст организираа многубројни активности посветени за грижа и помош на старите лица: предавања во училиштата, посети во домовите за стари лица и пензионерските домови, бесплатно мерење на шеќерот во крвта и крвниот притисок, организирани средби, трибини, работилници и предавања на актуелни теми, посети на стари и изнемоштени лица во нивните домови и при тоа е доделена помош во храна, облека, постелнина, лекови, средства за хигиена, мерење на крвниот притисок, пружање на поситни услуги за задоволување на потребите на старите лица, објавени конкурси: за најстар жител, брачен пар со најмногу години во брак и најстар член - активист на Црвен крст, конкурси за ликовни и литературни творби и др.



*...,, Во органите на управа работев 30 години и за овие 10 години како сум во пензија никој од нив не ме посети. Вашата посета многу пријатно ме изненади и ми го разубави денот. Активист во Црвениот крст бев како млада и се радувам што уште ме паметат и не ме заборавиле,,...*

*Перса Маџовска, поранешн активист на ООЦК Крива Паланака*

## Поефективно решавање на проблемите поврзани со социјална исклученост и сиромаштија на старите лица

На 20.11.2008 година во Скопје во организација на УНДП беше одржана Работилницата за стари лица на која учествуваше претставник на Црвениот крст на РМ. Целта на работилницата беше да се зајакне дијалогот помеѓу клучните засегнати страни за поефективно решавање на проблемите поврзани со социјална исклученост и сиромаштија на старите лица како една од најранливите и социјално исклучени групи во земјата.

## „Сподели со друг“

Под мотото „Сподели со друг“ беше обележана традицоналната „Неделата на солидарноста“. Целта беше да се подигне свеста на населението за потребната меѓусебна поддршка и помош, како и да се обезбеди помош за најранливите категории на население. Во рамките на неделата преку општинските организации на Црвениот крст беше спроведена Собирна акција со која се обезбедија вкупно 1538 кгр. храна, 325 кгр. средства за хигиена, 16.130 кгр. облека, 1561 пар обувки и 1780 кгр постелнина. Помошта беше доделена на 1840 социјални случаи, како и на 5 социјални институции.

## „Помислете и на нас“

По повод 16 Октомври Меѓународниот ден на гладта беше орагнизирана кампања под мотото: „Помислете и на нас“ со цел покренување на општото мислење на јавноста за проблемите на сиромаштијата, како и обезбедување помош за најранливите категории население. Во текот на кампањата на ниво на национално друштво се обезбедија вкупно 840.535,00 денари, 8290 кгр храна донирана и набавена од средствата, 6574 кгр облека и обувки и истата е доделена на социјални и образовни институции и ранливо население во земјата.

## Тренинг за Подобрување на контролата на ТБ

На 28 и 29.11.2008 година се одржа тренинг за Подобрување на контролата на ТБ во РМ за социјални работници и волонтери, во организација на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза. На семинарот учествуваше претставник на стручната служба на Црвениот крст на РМ.




## Борба против трговија со луѓе

■ Во соработка со Министерството за труд и социјална политика, а со поддршка на Меѓународната организација за миграции во текот на месец март беа организирани два семинара за едукација на 33 претставници на општинските организации на Црвениот крст како координатори на програмата за борба против трговија со луѓе. Целта на едукацијата беше да се зајакнат капацитетите на Црвениот крст на РМ, што ќе претставува појдовна основа за идно дејствување во борбата против трговијата со луѓе.

■ По повод 2 декември - Светскиот ден на укинување на ропството, започна одбележувањето и на „Неделата за борба против трговија со луѓе“ 2-9 декември 2008 година, која беше прогласена од страна на Министерството за внатрешни работи и Секретаријатот на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. Целта за одбележување на неделата беше да се подигне јавната свест кај граѓаните за опасностите од трговијата со луѓе. Како член на Секретаријатот на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Црвениот крст на РМ преку 12 општински организации на Црвениот крст и Црвениот крст на град Скопје активно се вклучи во првото одбележување на неделата.

■ На 9 и 10 декември 2008 година Црвениот крст на РМ и Црвениот крст на град Скопје, во соработка со УНХЦР и поддршка од ИОМ, организираа две информативно едукативни работилници за баратели на азил и волонтери на Црвениот крст, на кои беа презентирани теми од областа на здравствената превенција, како и за трговијата со луѓе.

## Размена на искуства во борба против трговијата со луѓе

■ На покана на Црвениот крст на Србија на 10 Јуни во Врање, претставници на Црвениот крст на РМ земаа учество на Семинарот на тема: „Контакт со жртвата на трговија со луѓе - како да се препознае и да се реагира“. Ваквите семинари претставуваат можност за размена на искуства на планот на борбата против трговијата со луѓе меѓу двете национални друштва, со тенденција таквата соработка да продолжи да се остварува и развива во наредниот период.

■ На 25.11.2008 во Загреб, претставник на Црвениот крст на РМ учествуваше на Округлата маса по повод презентацијата за завршни проектни активности за борба против трговија со луѓе, во организација на Хрватскиот Црвен крст. Целта на средбата беше да се разменат искуства на проектни активности со можност истите да се имплементираат во своите национални друштва.

■ Во организација на Министерството за труд и социјална политика на 29.09 2008 година се одржа Јавна трибина на тема „Борба против трговија со луѓе, одговорност на македонското општество“ на која земаа учество претставници на Црвениот крст на РМ. На вакви дебати на локално ниво се вклучија и општинските организации на Црвениот крст Тетово и Кавадарци.

## Членство во PERCO

■ На 17 и 18 април 2008 година во Белград се одржа состанок на PERCO (платформа за соработка на европски национални друштва за бегалци, баратели на азил и мигранти). Претставник на Црвениот крст на РМ на состанокот ги презентираше активностите на националното друштво за помош на баратели на азил, програма која ја имплементира Црвениот крст на Град Скопје, како и за активностите за борба против трговијата со луѓе. Со поднесената апликација за членство во PERCO, која беше разгледана и поддржана од страна на управниот одбор, Црвениот крст на РМ доби статус на членка набљудувач.

## Меѓународен состанок за Миграции во регионот на Медитеранот

Во организација на Црвениот крст на Италија, со поддршка на Италијанската Влада од 14 - 17 Февруари 2008 во Палермо, се оддржа Меѓународен состанок за Миграции во регионот на Медитеранот, на кој земаа учество претставници на Црвениот крст на РМ. Целта на состанокот беше да се разменат искуства , да се креираат нови програми за да се излезе во пресрет на овој вид на хуманитарен предизвик како и мобилизирање на Националните друштва во соработка со Владите од регионот за хуманитарен одговор на миграционите предизвици.

## Иницијатива за формирање на Единица за миграции

Во организација на Црвен крст на Австрија од 26 до 28.05.2008 година во Виена се одржа состанокот за формирање на Единица за миграции, на кој присуствуваше и претставник на Црвениот крст на РМ. Оваа средба за нашето национално друштво, кое 13 години ги реализира активностите наменети за помош и грижа на хуманитарно згрижените лица и барателите на азил, беше од исклучително значење заради можноста за размена на искуства со другите национални друштва.

## Донации

**Донаторски телефонски линии: 070/075 и 077 143 400 донирате 100 денари**

**Во текот на 2008 година од трите донаторски телефонски линии обезбедени се вкупно 237.000 денари, со кои ќе се набават 200 пакети со храна наменети за помош на ранливото население.**




■ Како резултат на плодната долгогодишна соработка со Германскиот Црвен крст на Баден Виртемберг која во континуитет се остварува веќе 16 години, во текот на годината беше обезбедена хуманитарна помош која се состоеше од болнички кревети, инвалидски помагала, медицинска опрема, компјутери, кујнски сетови, облека и др. во вкупна вредност од 88.400,00 евра и истата е распределена на здравствени и социјални институции во земјата, како и за потребите на ранливото население.

■ Компанијата „Вест Импекс“ од Скопје за реализација на хуманитарни цели на Црвениот крст на РМ донираше помош во 12.000 парчиња кујнски крпи, во вредност од 179.832,00 денари и истите се доделени на социјални институции.

■ COLGATE Palmolive Adria обезбеди 3000 пасти за заби, со што дадоа непосреден придонес во подигањето на свеста на населението за превентивна здравствена заштита.

■ Од страна на Царинската управа на Република Македонија беше обезбедена помош во 2.700 кг. храна и нова облека во вредност од 714.350,00 денари и истата е дистрибуирана на социјални институции.

Во текот на 2008 година Црвениот крст на Република Македонија превзеде повеќе активности во сферата на подготвеност и дејствување при катастрофи на домашен и меѓународен план, кои произлегуваат од Развојниот план на Црвениот крст на Република Македонија, Стратегијата за подготвеност и дејствување при катастрофи со цел да ги ублажи последиците, да обезбеди помош и услуги за ранливото население погодено од катастрофи.



## ПРОМОВИРАНИ СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Во февруари беше одржана работилница со секретарите на општинските организации на Црвен крст, на која беше презентирана Стратегијата за развој на Црвен крст на РМ на планот за подготвеност и дејствување при катастрофи.

## ПАРТНЕРСКА СОРАБОТКА

Во период од 26/28-11-2008 се одржа работилница на тема: „Местото и улогата на Црвен крст на РМ во системот за управување со кризи“. Работилницата беше организирана од страна на Центарот за управување со кризи и Црвениот крст на РМ, со поддршка на Меѓународен комитет на Црвен крст. Цел на работилницата беше да се подобри комуникацијата и координацијата помеѓу сите субјекти во системот за управување со кризи.

## СИМУЛАЦИСКИ ВЕЖБИ

Во 2008 година, Владата на Република Македонија, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, беа организатори на повеќе меѓународни симулациски вежби, на кои се прикажаа разни ситуации во случај на катастрофи, во Македонија и регионот, со цел да се подобри комуникацијата и координацијата на домашен и меѓународен план. На овие вежби учествуваа претставници од Црвен крст на Република Македонија.





- Црвениот крст на РМ, Црвениот крст на град Скопје и Општинската организација на Црвен крст Велес организираа регионална вежба за Републичката единица за одговор при катастрофи и единиците за одговор при катастрофи на Велес, Битола, Охрид, Кавадарци и Кочани. На вежбата учествуваа вкупно 80 учесници, меѓу кои и претставници на Хеликоптерската единица на Армијата на РМ.

  Цел на вежбата беше практично да се прикажат активностите на тимовите на Единиците за одговор при катастрофи на Црвениот крст на РМ со владините институции одговорни за справување со кризи.

- Во организација на Општинската организација на Црвен крст Охрид со логистичка поддршка од Црвен крст на РМ, во спортската арена Билјанини извори во Охрид се одржа показна вежба за евакуација на посетителите во случај на пожар, на која зедоа учество припадници на МВР, противпожарните единици, Медицински центар, тимови од ООЦК-Охрид и агенција за обезбедување на салата. Евакуацијата е извршена по претходно изработениот план за евакуација од страна на Црвен крст на РМ.

- Во организација на Министерство за одбрана се одржа вежба за спасување, евакуација и згрижување на загрозено население од хемиска хаварија на фабрика во Велес, која се одржа на Криволак. На оваа вежба учествуваше медицинскиот, логистичкиот тим и тимот за спасување на вода на Републичката

единица за одговор при катастрофи со комплетни материјално-технички средства.



■ Во организација на Владата на Република Македонија и Центарот за управување со кризи на РМ, се одржа 10 дневна симулациска вежба CMX-2008 за справување со повеќе видови на катастрофи во соработка со НАТО алијансата и членките на НАТО. На вежбата учествуваше и Црвениот крст на РМ.

■ Во организација на Центарот за управување со кризи се одржа симулациска вежба по сценарио - поплава во скопскиот регион, каде што се проверуваше состојбата на подготвеност за справување со катастрофи на сите субјекти кои се одговорни во вакви кризни ситуации.

■ Учество на Планирачка Конференција за Симулациска вежба во организација на Дирекција за заштита и спасување. Вежбата се оддржа во периодот од 16/17/18/19. 06.2008

■ Во Центарот за управување со кризи, во периодот од 22-31.10.2008 година се оддржа меѓународна вежба Seesim -08 (симулациска мрежа за Југоисточна Европа),



■ Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечена, во соработка со Хрватски и Австриски Црвен крст, во периодот од 15 до 21 Септември 2008 год. во Хрватска-Истра, организираа меѓународна сималуциска вежба за членовите на Регионалниот тим за одговор при катастрофи, кои имаат завршено курс за прочистување на вода и санитација. Од Црвен крст на РМ, земаа учество четири члена од тимот за прочистување на вода на Републичката единица за одговор при катастрофи.

## КУРСЕВИ

■ Црвениот крст на РМ во соработка со Црвениот крст на град Скопје и Општинската организација на ЦК Охрид одржаа курсеви за спасители на вода, на кои беа оспособени вкупно 46 лица.

■ Црвениот крст на Република Македонија во соработка со Австриски Црвен крст од 01 до 08 Мај 2008 година организираше регионален тренинг-курс за прочистување на вода, кој се одржа во Мариово (Расинбегов мост).На курсот учествуваа претставници на Црвениот крст на Бугарија, Србија и Босна и Херцеговина.

■ Меѓународната федерација организираше курс за информатичка технологија, на кој Црвен крст на Р.М учествуваше со еден претставник. Семинарот имаше за цел, учесниците да се запознаат со стандардната опрема која Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина ја користи за време на мисии.

■ Четири члена од тимот за спасување на планина на Републичката единица за одговор при катастрофи, учествуваа на курсот за спасители на планина во Хрватска. Целта на семинарот беше тимот да се стекне со нови знаења од летни техники за спасување, воспоставување на соработка со можност на организирање на курсеви во Македонија.

■ Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина од 20-29 Мај во Мостар-БиХ, организираше трениг-обука, за претставници на националните друштва на Црвен крст на Југоисточна Европа. Со стекнатата обука учесниците на тренингот стануваат членови на Регионалниот тим за одговор при катастрофи. Од Црвениот крст на РМ учествуваа два претставника.

■ Во периодот од 27-30.05.2008 год. во Бугарија се одржа курс за спасители на брзи води. Курсот се одржа во градот Кресна покрај реката Струма. Црвен крст на РМ за прв пат со свој претставник учествуваше на ваков курс, што е од големо значење за добивање на ваков вид едуциран кадар.

## УЧЕСТВО НА СЕМИНАРИ



■ Во период од 13-14.03 2008 Црвениот крст на Бугарија во Лозен-Софија организираше семинар на кој претставници на Црвениот крст на РМ учествуваа како инструктори за изработка на дата база- план за дејствување.
■ Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина од 26 до 30 јуни 2008 година во Драч, Р. Албанија организираше семинар на тема: „Проценка на ранливост и капацитети“. На семинарот учествуваа претставници на националните друштва од регионот и пошироко. Од Црвениот крст на РМ земаа учество тројца претставници на стручната служба.

## ПОМОШ ЗА НАСТРАДАНИТЕ ВО РАДОВИШ



Во 2008 година, Република Македонија не беше заобиколена од природните непогоди и други несреќи, па така и силното невреме кое го зафати Радовишкиот регион, предизвика големи материјални штети и човечки загуби.

Црвениот крст на РМ интервенираше со свои екипи кои направија проценка за потребите на настраданите во Радовиш, во соработка со кризниот штаб на Општина Радовиш.



Врз основа на направената проценка од страна на Црвениот крст на РМ и Црвениот крст на град Скопје, се обезбеди хуманитарна помош за 30 семејства кои најмногу беа погодени.

**Извадок од web контакт на интернет порталот на Црвениот крст на РМ**

*„Почитувани, пред се би сакал да Ви честитам за успешно реализираната Методско показна вежба во Велес. Искрено, беше многу поучно, интересно, едноставно кажано, зачудувачки реализирано.*

*Уживав гледајќи ги добро извежбаните постапки, подготвените тимови. Благодарејќи на оваа вежба добив идеја да Ви пишам и да Ве прашам дали би можел да се зачленам во Вашата организација и да станам дел од тимот кој што работи на извлекување на повредени лица во случај на катастрофи.*

*Имам 26 год., од Велес сум и работам во АРМ како професионален војник. Уште еднаш честитки и продолжете со понатамошната работа.“*

*Николче Чолоко*





**Младите на Црвен крст на РМ и понатаму продолжуваат да бидат носители на поголемиот број на активности на терен на Националното друштво, како едни од иницијаторите и двигателите на идеите за подобрување на ефикасноста на Црвен крст на Република Македонија. Согласно традиционалниот календар на активности и манифестации и Програмата за работа за 2008 година во рамките на програмските дејности, реализирани се голем број активности на национално и локално ниво.**

## Реформа во младинското работење - нови форми на организирање на младите волонтери

По спроведената анализа за работата на општинските организации на Црвен крст, Црвен крст на град Скопје и Централата на Црвен крст на РМ., произлезе потреба за реформа на младинското работење, односно изнаоѓање на нови и атрактивни форми за привлекување, мотивирање и организирање на младите волонтери, што резултираше со потреба за усвојување на нов Правилник за работа и организација на младите на Црвен крст на РМ. Во општинските организации на Црвениот крст и Црвениот крст на град Скопје, формирани се 35 клубови на млади волонтери на Црвениот крст, кои се активно вклучени во активностите за исполнување на целите на националното друштво. Формиран е Совет на млади сочинет од претставници на сите клубови на млади, предводени од Претседател на млади на Црвен крст на Република Македонија.

## Европски состанок за соработка на младите на Црвен крст

Во Април 2008 година во Тухељске Топлице-Хрватска, се одржа Европски состанок за соработка на младите волонтери од Националните друштва, на кој Црвен крст на Република Македонија зема учество со двајца свои претставници. На состанокот беа усвоени иницијативи за измена на младинската уредба за млади на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, како и дискусија за глобални насоки за развој на младинските програми на Националните друштва. На состанокот избран е новиот состав на Европскиот координативен комитет за мандатниот период 2008-2010, во кој по вторпат членува претставник на Црвен крст на Република Македонија.






Во рамките на развојот на капацитетите на млади на Црвен крст на Република Македонија, а на иницијатива на младите волонтери од општинските организации се одржа младински летен камп под слоганот 100% Црвен крст.

Станува збор за едукативен летен камп во кој учествоземаа 45 младинци поделени во три групи и тоа: Управување со проектен циклус, Реалистичко прикажување на рани и повреди, фотографирање и известување. Додека првите две групи беа наменети за зајакнување на капацитетите на клубовите на млади, групата за информирање и фотографирање се подготвуваше за развој на комуникацијата и атрактивно информирање за случувањата и активностите кај младите на Црвениот крст.

# Црвен крст во акција - Промоција на хумани вредности

Црвен крст на РМ преку Црвен крст на град Скопје како имплементатор на проектот, 10 години успешно ја спроведува програмата „Црвен крст во акција - промоција на хумани вредности“ (ЦКА-ПХВ) во соработка со Министерството за образование и наука.

Во изминатата година во проектот беа вклучени вкупно 1.105 младинци, со рекордно изработени 115 мали проекти и собрани 11.820 евра. Целите на проектите како и намената на собраните средства се одредени локално, најчесто за социјализација на младите маргинализирани и социјално исклучени лица, поддршка за здравствени интервенции и помагала, подигање на свеста во околината за водење на здрав живот итн.



## ЦКА-ПХВ летен камп

Од 19 до 23 август во центарот „Солферино” во Струга се оддржа првиот меѓународен- ЦКА - ПХВ летен камп кој претставува интернационализирање на ЦКА-ПХВ проектот и финализирање на успешната реализација во Македонија. Со поддршка на Црвен крст на РМ, Црвен крст на Р.Србија започна имплементација на програмата во 2006 година, а Р.Албанија и Р.Босна и Херцеговина во 2007 година. Учесници на летниот камп беа млади од земјите кои ја имплементираа програмата (Србија, Босна и Херцеговина, Македонија и Албанија), како и гости од Финска, Данска, Турција, Бугарија, Швајцарија и претставник од Меѓународната Федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина - Женева. Една од целите на кампот беше и презентирање на националните програми како и презентирање на изработените проекти.

Како резултат на успешно реализираната активност, еден претставник на Македонија беше поканет да учествува на состанок во Женева на Националните друштва кои имплементираат програми за млади на ова поле во креирањето на алатки кои би ги претставувале насоките за имплементација. Како заокружување на овие акивности двајца претставници учествуваа на средба за размена на искуства и создавање на алатки за работа на тема „Промовирање на хумани вредности“, која се одржа во Тубанисо Република Мали, Африка.

## Пријателство без граници Суто Море 2008

Црвен крст на Црна Гора - Суто Море беше домаќин на 11-тото издание на меѓународниот младински проект Пријателство без граници, на кој учествуваа претставници од 7 национални друштва. Македонскиот Црвен крст го претставуваа петмина млади волонтери избрани според постигнатите резултати во ЦКА-ПХВ циклусот за 2007/2008 година. Во ова издание на кампот се работеше на теми за младинската регулатива и раководење со млади, толеранција, МХП и правење на проекти за потребите на заедницата. По завршениот камп учесниците се посветија кон понатамошна заемна национална и меѓународна соработка со цел исполнување на обврските кои произлегоа на кампот. Волонтерите од Црвен крст на РМ по завршувањето на кампот реализираа 4 проекти наменети за деца од социјално загрозени семејства.

# ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

## 1. Свеста на младите за ризик и последици од насилство

Со поддршка на Германски Црвен крст се реализира проектот „Свеста на младите за ризик и последици од насилство“, каде обучени млади волонтери на Црвениот крст преку симулации и интерактивни работилници дејствуваа во основните училишта. Овој проект се реализираше со помош на стручни лица од Институтот за социјална работа и социјална политика, со чија помош дополнително е издаден и прирачник за работа на терен на тема „Врсничко насилство“. Овој проект се реализираше во вкупно 27 ООЦК и Црвен крст на град Скопје.

| Свеста на млади за ризик и последици од насилство | |
|---|---|
| Број на обучени врснички едукатори | 80 |
| Број на одржани работилници | 162 |
| Број на учесници | 4374 |

## 2. Љуби внимателно! Живеј сигурно! - врсничка едукација на млади

Со подршка на Шпански Црвен крст, во вкупно 31 ООЦК и Црвен крст на град Скопје се реализираше проектот „Љуби внимателно! Живеј сигурно!“. Станува збор за врсничка едукација преку организирање на работилници со млади на возраст 14-21 година. За потребите на проектот обучени се 70 врснички едукатори, испечатен е прирачник и флаер со едукативни содржини за работа на терен.

| Љуби внимателно! Живеј сигурно! | |
|---|---|
| Број на обучени врснички едукатори | 70 |
| Број на одржани работилници | 118 |
| Број на учесници | 2897 |
| Просек на знаења пред одржување на работилници | 51 % |
| Просек на знаења по одржување на работилници | 61,5 % |

# За посреќно детство

Со цел подигање на свеста на младите за потребната помош, солидарност и хуманост меѓу младите кои се справуваат со социјални потешкотии преку организирање на спортски натпревари, во 2008 година се организираше веќе традицоналната спортско рекреативна и хуманитарна акција „За посреќно детство“. Учество во акцијата земаа 20 ООЦК и Црвен крст на град Скопје. Вредноста на учесничките бонови беше 30 денари, а собраните средства од 18.141 продадени бонови, беа наменети за одредени целни групи во ООЦК со приоритет на социјална поддршка на маргинализираните групи, деца на социјално загрозени семејства и деца со посебни потреби.



# Промотивни настани

По повод традиционалниот календар на активности и манифестации, на национално ниво организирани се два поголеми промотивни настани.

По повод Неделата на Црвен крст во соработка со Македонски институт за медиуми и Дирекција за култура и уметност, на 11 мај во градскиот парк во Скопје, организиран е голем музички настан посетен од неколку илјади посетители, на кој се промовирани активностите на Црвениот крст.

На 5-ти декември по повод Светскиот ден на волонтерството, како и усвојување на Стратегија за волонтерството 2008-2012 на Црвен крст на Република Македонија, младите волонтери организираа голема забава со посредство на медиумите, за привлекување на нови волонтери и промоција на тековните активности.



„Односите со јавноста се како возење во магла -  мора да имате вклучени светла, не за да гледате каде одите, туку да ве гледаат другите вас.“

Јулија Зуелка
Винона Државен Универзитет

Интензивниот развој во целиот свет, на таканареченото *информативно општество*, е факт на секојдневното живеење. Соочен со овој предизвик, Црвениот крст на Република Македонија веќе подолг период наназад се обидува да се прилагоди на новите информативни и комуникациски технологии и да се подготви за поголема и побрза интеракција со целните групи и со граѓаните воопшто. Во изминатата година активностите беа посочувани на потребата на организацијата за интензивирање на комуникациските активности, со цел да се зголеми нејзиниот кредибилитет и да се подигне свеста за нејзината улога помеѓу клучните заинтересирани субјекти. Организацијата се обиде да ја постави основата според која ќе може да го следи напредокот во смисла да се прилагодува себе си, со цел да одговори на барањата на ранливите категории на корисници.




## WEB страна на Црвениот крст на Република Македонија

Функционирањето на WEB страната на Црвениот крст на Република Македонија во изминатата година се софпаѓа со начинот на следење на современите текови во информатичката технологија. Сите корисници на интернет на адресата www.redcross.org.mk имаа можност да се запознаат со организацијата, нејзината мисија и активностите кои ги реализира во текот на целата година. Годишната анализа на резултатите од посетеноста на web страната, покажува напредок во делот на директната електронска поврзаност со сите заинтересирани за работата на Црвениот крст на РМ, како и нивната подготвеност да се вклучат во реализацијата на хуманата мисија на националното друштво.

## Електронски весник „ИНФО +“

Неделното издание на е-весникот на Црвениот крст на Република Македонија „**ИНФО +**“, претставуваше една од алатките за осовременување на комуникацијата со различни целни групи, а воедно и начин за редовно пласирање на информации за реализираните активности до јавноста. Концептот на нивното пренесување по електронски пат до читателите,  од Централата на ЦКРМ, во соработка со општинските организации и Црвениот крст на град Скопје, според направените анализи, помогна делумно во воспоставувањето на внатрешната комуникација, но и до зголемување на транспарентноста пред јавноста.




Имено анализите покажаа дека од првиот број на е-весникот во март 2006 година, па се до крајот на 2008 година, изданијата се дистрибуираа во почетокот на 35.000 е-маил адреси, за да ја завршиме 2008 година со 59.000 читатели на е-весни-

кот. Што се однесува до внатрешната комуникација и начинот на изготвување, трите години од постоењето покажаа активна вклученост со текстови од реализирани активности на 13 општински организации, Црвениот крст на град Скопје и Централата на националното друштво. Процентот на реализација го покажува следново:




Во изготвената анализа во која се зборува за околу 650 текстови досега објавени во е-весникот, можат да се издвојат содржините кои покажуваат бројни активности во делот на ЦКА-ПХВ,активности на здравствено превентивен план, како и активности од ЗРЗ програмата (Заеднички развој на заедницата).

Заклучокот по добиените резултати од анализата на досегашното работење покажуваат позитивни резулатаи во делот на методот на комуникација со јавноста, но во исто време наведуваат и на размислувања за надминување на слабостите во внатрешната комуникација во Црвениот крст на РМ.

## Издавачка дејност



Печатените изданија на Црвениот крст на Република Македонија во голема мера допринесоа за јакнење на имиџот на организацијата и зголемување на транспарентноста, а воедно претставуваа и ефикасен начин на дирекна комуникација со јавноста. И во изминатата година со печатен пропаганден материјал беа одбележни традиционалните и сите други активности на организацијата, а беа објавени и две изданија на весникот *Хумани меридијани*. Црвениот крст на Република Македонија и понатаму продолжи во соработка со Македонски пошти да ги печати поштенските марки со содржини поврзани со четири традиционални активности на Црвениот крст на РМ.

## Соработка со медиумите

Комуникацијата со медиумите секако дека претставуваше еден од приоритетите во изминатата година. Преку соопштенија за печатот, конференции за печат и јавни настапи на електронските медиуми, средствата за јавно информирање беа постојано присутни при реализацијата на нашите активности. И оваа година соработката со нив се покажа како исклучително корисна алатка за нашето дирекно поврзување со јавноста. Континуитетот во соработката и оваа година се продолжи со одржување на традиционалниот семинар со новинари на кој присуствуваа 13 претставници на редакции на печатени и електронски медиуми. И оваа година семинарот беше организиран во соработката со канцеларијата на Меѓународниот Комитет на Црвен крст.




# ОБЈАВЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

Една од основните заложби на Црвениот крст на Република Македонија е своите постигнувања транспарентно и отворено да ги пласира пред јавноста. За таа цел во текот на изминатата година беа објавени документи и материјали со информативно - едукативни содржини.

## СТРАТЕГИИ И ПУБЛИКАЦИИ

- Стратегија за развој на Црвен крст на РМ на планот за подготвеност и дејствување во случај на катастрофи 2008-2012
- Стратегија за дисеминација 2008-2012
- Стратегија за работа на Службата за барање 2008-2010
- Стратегија за мобилизирање на фондови 2008-2010
- Стратегија за волонтерство 2008-2012

- Програма за работа на Црвениот крст на РМ за 2009 година
- Извештај за работата на Црвениот крст на РМ 2007 година
- Извештај за работата на Црвениот крст на РМ за мандатниот период 2004 - 2008 год
- Весник „Хумани Меридијани“ - 2 броја

## ПОСТЕРИ

## ФЛАЕРИ




## ПРИРАЧНИЦИ

- „Прва помош на патиштата“
- „Прва помош на работното место“
- Прирачник за врсничка едукација „Врсничко насилство“
- Прирачник за врсничка едукација за превенција од ХИВ/СИДА и сексуално преносливи болести
- Прирачник за обука за волонтерски менаџмент
- Правилник за волонтирање
- Волонтерска служба - волонтерски менаџмент циклус

## БРОШУРИ

- „Успешно доење и навремена дохрана“
- „Намалување на штетни последици од користење на дроги“
- „Што е туберкулоза?“
- „Направи хуман гест, доброволно дарувај крв!“
- „Вашиот ден - 17 Март“

## ПОШТЕНСКИ МАРКИ

- Недела за борба против ракот
- Недела за борба против туберкулозата
- Недела за борба против ХИВ/СИДА
- Недела на Црвениот крст на РМ

**Црвениот крст на Република Македонија континуирано работеше на надградба на своите капацитети во сите програмски области благодарение на меѓународната поддршка од компонентите на Движењето кои со финансиска и стручна поддршка континуирано даваа придонес за имплементирање на развојните цели на Црвениот крст на Република Македонија.**

## БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА И МЕЃУНАРОДНА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ И ПРОГРАМИ

Во текот на 2008 година Црвениот крст на Македонија оствари плодна соработка со повеќе национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина. Беа остварени неколку работни посети на националните друштва во регионот, а исто така претставници на повеќе национални друштва учествуваа во обуките и работните средби кои ги организираше нашето национално друштво со цел да се разменат позитивни искуства и знаења за промовирање на активностите на Движењето.

Програмска поддршка беше обезбедена преку Фондот за интензивна надградба на капацитети на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина во делот на надградба на информативниот менаџмент систем, мобилизирање на фондови и менаџмент на волонтери и вработени во Црвениот крст на Република Македонија. Проектот ќе се имплементира во траење од три години. Меѓународната Федерација го поддржа и проектот за Заеднички развој на заедниците кој беше имплементиран во три општински организации на нашето национално друштво и обезбеди поддршка во делот на подготвеност и дејствување при катастрофи (обука на регионални тимови за дејствување при катастрофи). Меѓународниот Комитет на Црвен крст - Канцеларија Скопје обезбеди делумна програмска поддршка во делот на дисеминацијата, подготвеност и дејствување при катастрофи, Службата за барање и организациски развој кои беа успешно реализирани во 2008 година. Годината ја одбележа и успешната соработка со Високиот Комесаријат за бегалци во делот на обезбедување поддршка за програмот за здравствена заштита на баратели на азил во Република Македонија, како и потпишаниот Договор за соработка со UNDP за програмот за подготвеност и дејствување при катастрофи кој ќе се имплементира до септември 2009 година.

## МЕЃУНАРОДНИ НАСТАНИ

Во текот на годината претставници на Црвениот крст на Република Македонија учествуваа на повеќе меѓународни конференции, семинари, состаноци, обуки и младински кампови. Меѓународните активности по дејности се интегрален дел на овој извештај.

## 16-та БАЛКАНСКА КОНФЕРЕНЦИЈА




16-тата Балканска Конференција на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина од Балканскиот регион се одржа од 25 до 27 јуни 2008 година во Софија, Бугарија. На Балканската Конференција зедоа учество националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина од Албанија, Бугарија, Грција, Македонија, Црна Гора, Романија, Србија и Турција, Хрватска, Словенија, Катар и Италија како и претставници на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина и Меѓународниот Комитет на Црвен крст. Учесниците на Конференцијата дебатираа и разменуваа искуства од својата работа во националните друштва на следниве теми: капацитетот и искуствата на Балканските национални друштва при неодамнешните катастрофи во регионот; нови предизвици и научени лекции; заедничка акција и можна соработка за превенција на хуманитарни последици од климатски промени; менаџмент на волонтери; мобилизирање ресурси; здравствени и социјални услуги за различни категории на ранливи лица; дисеминација на МХП и принципите на Движењето; миграции, интеграција на бегалци, мигранти и баратели на азил, превенција на трговија со луѓе и воспоставување семејни врски.

Делегацијата на Црвениот крст на Македонија настапи со две презентации претставувајќи ја својата работа во делот на подготвеност и дејствување при катастрофи и мобилизирање на ресурси. Финалниот документ на Конференцијата ги содржи заложбите за понатамошно унапредување на соработката помеѓу националните друштва од Балканот во сите програмски области како и промовирање на редовна размена на искуства и стручни лица од регионот кои може да дадат придонес за имплементирање на поквалитетни и поразноврсни услуги кои се од интерес за ранливите категории на население кои ги опслужува нашето Движење. Балканската Конференција беше искористена за остварување на билатерални средби со претставниците на националните друштва и Меѓународната Федерација и МКЦК кои учествуваа на Конференцијата.

## ЛИДЕРСКИ СОСТАНОК

## НА МЕЃУНАРОДНА ФЕДЕРАЦИЈА НА ЦРВЕН КРСТ И ЦРВЕНА ПОЛУМЕСЕЧИНА

Во периодот од 7 до 8 август, 2008 година, во Скопје, Република Македонија се одржа Лидерски состанок за националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина од Јужен Кавказ. Состанокот беше организиран од страна на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина и Црвениот крст на Република Македонија, а на него покрај организаторите учествуваа генерални секретари и претседатели од Црвен крст на Ерменија, Црвен крст на Грузија, Црвена полумесечина на Азербејџан, Меѓународен Комитет на Црвен крст и претставници на донаторските национални друштва на Британски Црвен крст, Норвешки Црвен крст, Дански Црвен крст и Фински Црвен крст. Делегацијата на Меѓународна Федерација беше составена од претставници од Европската Зона и Регионалната канцеларија за Централна Европа од Будимпешта.

Примарна цел на состанокот беше презентирање на повеќе содржини за националните друштва од Јужен Кавказ. Во текот на дводневната работа беше претставен Новиот Оперативен Модел и Целите на Глобалната Агенда на Меѓународната Федерација, Стратегијата за поддршка на Меѓународната Федерација за земјите од Јужен Кавказ, стратегии и планови на донаторските национални друштва за поддршка на националните друштва од Јужен Кавказ и презентирање на програмата за поддршка на Меѓународниот Комитет на Црвен крст.

Сепак, главниот фокус на лидерскиот состанок беше презентирање на програмските содржини и искуства на Црвениот крст на Република Македонија посебно во делот на мобилизирање на ресурси.



## ПРИСТАПНОСТ ДО ЕУ ФОНДОВИ

**Состанок на координари на национални друштва на Црвен крст од Европска Унија.** Во периодот од 16 до 17 септември 2008 година, во Будимпешта - Унгарија, претставник на Црвен крст на Република Македонија учествуваше на состанокот на координатори на националните друштва на Црвен крст од земјите членки на Европска Унија.

Организатор на состанокот беше ЕУ канцеларијата на Црвен крст и Црвена полумесечина со седиште во Брисел. Примарна цел беше формирање на Европска мрежа на координатори одговорни за подготовка и имплементација на проекти со средства од Европската Унија. Во текот на дводневната работа учесниците на работната група беа запознати со процедурите и критериумите кои треба да се исполнуваат за аплицирање на проекти од Европската Унија, за потребата од размена на информации помеѓу националните друштва посебно во делот на пренесување на позитивни искуства и можностите кои произлегуваат со имплементацијата на проекти кои се од интерес на ранливите категории на население. Имајќи во предвид дека Република Македонија има статус на земја кандидат за членство во Европската Унија можностите за аплицирање на проекти од Европската Унија се ограничени. Црвениот крст на Македонија со своја презентација ги презентираше тековните проекти и постигнувања како и сферите на интерес за соработка во претстојниот период.

**Билатерална поддршка од Шпанскиот Црвен крст за обезбедување обука и поддршка за пристапност до ЕУ Фондови.** Во периодот од 18-20 ноември 2008 г. Alajandro Rojas - Marcos De La Viesca и Sandra Calderon од Шпанскиот Црвен крст го посетија нашето национално друштво и оствари средби со претставници на Министесрството за труд и социјална политика и канцеларијата на Европската Унија во Р. Македонија со цел да обезбедат поддршка за Црвениот крст на Република Македонија во процесот на аплицирање и користење фондови на Европската Унија. Поддршката на овој план ќе продолжи во 2009 година преку обезбедување на кадровски ресурси кои ќе вршат обука на кадрите на Црвен крст на Република Македонија за правилно следење на процедурите и аплицирање на проекти кои се финансираат од Европската Унија.

**Добросостојбата на човекот зависи во голема мера од неговата можност да биде во контакт со неговите најблиски или барем да добие информации за тоа што им се случило.**

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНИРАНОТО

■ Службата за барање на Црвениот крст на Република Македонија, подготви презентација за Стратегијата за работа на Службата за барање 2008 - 2010, за секретарите на општинските организации на Црвен крст, при што беше нагласена потребата од зајакнување на оперативните капацитети со цел да се обезбедат одржливи услуги за воспоставување на семејни врски на национално и општинско ниво;

■ Беше изготвен стандарден програм за обука на волонтери и вработени во општинските организации на Црвен крст, врз база на потребите за ваква обука. „Основниот тренинг“ за работа во Службата за барање и „Тренинг за работа на Службата за барање во случај на катастрофи“, беа основните алатки при реализацијата на обуките кои беа организирани во текот на годината;

■ Беа дефинирани моделите и процедурите за работа на Службата за барање во ситуации на природни катастрофи. За таа цел беше одржана еднодневна работилница за професионално вработените лица во Службите за барање на општинските организации на Црвен крст, на тема „Службата за барање во случај на катастрофи“;

■ Црвениот крст на РМ има обезбедено соодветна позиција за Службата за барање во структурата на организацијата. Преку адаптиран организациски пристап, со обуки иницирани од дел на општински организации на Црвен крст и Црвениот крст на град Скопје се отпочна со создавање на механизми за регрутирање и мотивирање на волонтери, кои во одредени ситуации би одговориле на потребите на службата;

■ По препорака на Меѓународниот Комитет на Црвен крст, превземени беа активности за ревидирање на критериумите на Службата за барање за вклучување на нови категории на корисници согласно со потребите кои ќе произлезат;

■ Редовно се подготвуваа месечни статистики за работа на Службата за барање. Според направената статистика службата во дата-базата за 2008 година, има заведено 7 нови случаи, од кои 3 се водат како затворени, додека за 4 од нив сеуште се води постапка за пронаоѓање на лицата кои се бараат;



## НОВИНИ ВО РАБОТЕЊЕТО

Според Програмата за работа на Службата за барање на Црвениот крст на РМ за 2008 година, беше предвидена еднодневна работилница на тема „Службата за барање во случај на катастрофи“за професионално вработените во Службата за барање, која во соработка со Меѓународниот Комитет на Црвен крст се одржа на 21.10.2008 година.

„Оваа проблематика досега не е обработувана со професионално вработените лица во Службата за барање од општинските организации, па токму затоа општ впечаток е дека истата е интересна и многу корисна за лицата кои работат на развојот на оваа служба во Црвениот крст на РМ. Се согласувам со предлозите кои произлегоа од присутните за понатамошни активности на овој план. Сигурно дека многу корисни би биле вакви и слични работилници за претседателите на комисиите за подготвеност и дејствување во случај на катастрофи и за членовите на комисиите на Службата за барање во општинските организации, но и организирање на основни тренинзи за волонтери и професионално вработени во општините каде досега немало ваков вид на обука.“ - го подели со своите колеги впечатокот Биљана Ристовска, професионално вработено лице во Службата за барање на Црвениот крст на Битола.



Интензивна надградба на капацитети - информативен менаџмент систем, мобилизирање на фондови и менаџмент со волонтери и вработени

Црвен крст во акција - Промоција на хумани вредности -ЦКА-ПХВ

Намалување на штети од употреба на дроги

Локални акциони планови за контрола на туберкулозата

Мобилизирање на ромско население за активно пронаоѓање на случаи со туберкулоза

Мрежно поврзување на полето на првата помош

Клубови за промоција на оптимално доење и дохрана на доенчиња и мали деца

“Мрежно поврзување од областа на крводарителство - подобрување на доброволното крводарување кај младата популација”

“Мотивација на младата популација за доброволно дарување на крв”

Заеднички развој на заедниците - ЗРЗ

Свеста на младите за ризик и последици од насилство

„Љуби внимателно, живеј сигурно!“ Врсничка едукација за превенција од ХИВ/СИДА и СПИ



# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ



# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2008 ГОДИНА

Транспарентноста и отчетноста на финансиско - материјалното работење претставува значаен предуслов за успешно функционирање на организацијата.

Со цел да се прикаже севкупното работење на Црвениот крст на Република Македонија, во финансикиот извештај се содржани планираните и реализирани приходи и расходи на организацијата во 2008 година.

Финансискиот извештај е потврда за успешно имплементираните програмски и проектни активности поддржани од домашни и странски партнери на организацијата, како и од Фондот за равој на Црвениот крст на Република Македонија, кој претставува алатка за програмска и проектна поддршка на општинските организации на Црвениот крст. Во изминатата година обврската на општинските организации на Црвениот крст за партиципирање во Фондот за развој е реализирана во целост, со што се овозможува започнување на нов циклус за поддршка на проекти за наредната година.

Од страна на Извршниот одбор на Црвениот крст на РМ беше формирана комисија, која изврши внатрешна ревизија на финансиското и материјално работење. Исто така беше ангажирана надворешна независна ревизирска куќа, која изврши ревизија согласно Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за финансиско известување и сметководствените прописи кои важат во Република Македонија. Спроед мислењето на ревизорската куќа, финансиската состојба на организацијата Црвениот крст на РМ е прикажана реално и објективно. Работењето на организацијата прикажано преку финансики податоци покажува успешно завршена година со остварување на Буџетот од 97,98%. Причината за неоставреност на планираниот буџет, е намалувањето на приходите по основ на првата помош во националното друштво. Вкупно реализираните сопствени проходи, се застапени со 28,9% а приходите од органи и донатори со 71,1 % .

Во делот на расходите може да се утврди дека трошењето е контролирано и наменско, што е основна цел на секоја организација. Од вкупно реализираните расходи, 57.07% се однесуваат на функционалните односно програмските трошоци, расходот за плата на вработените изнесува 11,85%, а материјалните трошоци изнасуваат 31,07%.

## ПРИХОДИ ВО 2008




## РАСХОДИ ВО 2008




## ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ ВО 2008




## РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ ВО 2008



Од податоците за движење на расходите може да се констатира дека реализацијата на расходите за капитални инвестиции во централната канцеларија и општинските организации на Црвениот крст е значително застапен во вкупните расходи и изнесува 15,64%, кој проецент е остварен како од сопствени, така и донаторски средства, односно од вкупните капитални расходи во централата 12,98% или 1.062.130,00 денари, се однесуваат на капитални расходи за општинските организации на Црвен крст и Црвениот крст на град Скопје.

Дел од вишокот на финансиските средства односно позитивната разлика помеѓу приходите и расходите се однесува на проекти чија реализација продолжува во 2009 година.

Финансискиот извештај се однесува само на работењето на централната канцеларија на црвениот крст. Општинските организации на Црвен крст и Црвениот крст на град Скопје имаат свои буџети кои се состојат од повеќе извори на приходи (законски дефинирани, партнерска соработка, давање на услуги, закупнини и др.), дел на приходи остварени преку трансфери од Централата а се однесуваат на реализација на национални програми (крводарителство) и средства обезбедени од донатори.

## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ВО 2008




## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ООЦК ВО 2008




## ВКУПНИ ПРИХОДИ ВО 2008



# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
## ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | Буџет 2008 | Реализирано 2008 | % | % во 2007 |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | 57.554.834,00 | 56.391.343,00 | 97,98 | 108,56 |
| Сопствени извори на приходи | 12.420.399,00 | 16.298.127,50 | 131,22 | 140,43 |
| Приходи од органи / донатори | 45.134.435,00 | 40.093.215,50 | 88,83 | 101,36 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | 57.554.834,00 | 52.287.976,00 | 90,85 | 102,61 |
| Плати и надоместоци на вработени | 9.816.000,00 | 6.194.464,00 | 63,11 | 78,600 |
| Расходи за материјали и услуги | 7.733.000,00 | 16.248.508,50 | 210,12 | 151,29 |
| Функционални (програмски) расходи | 40.005.834,00 | 29.845.003,50 | 74,60 | 98,920 |
| **РАЗЛИКА** | 0,00 | 4.103.367,00 | | |

## П Р И Х О Д И

| ОПИС | Сопствени извори | Приходи од орг. и дон. | Буџет 2008 | Реализирано соп. извори | Реализирано орг. и дон. | Реализи. 2008 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | | | | | |
| 741 Министерство за Финансии (од Буџетот на РМ - средства за програмски активности) | | 6.321.000,00 | 6.321.000,00 | | 6.324.000,00 | 6.324.000,00 | 100,05 |
| 741 Крводарителство ( Министерство за Здравство) | | 9.200.000,00 | 9.200.000,00 | | 9.697.163,50 | 9.697.163,50 | 105,40 |
| 742 Социјално - хуманитарна дејност | 350.000,00 | 1.537.500,00 | 1.887.500,00 | 239.159,00 | 1.202.017,50 | 1.441.176,50 | 76,35 |
| 742 Организација и развој | | | 0,00 | | 4.287.982,50 | 4.527.141,50 | 100,00 |
| 742 Прва помош | 6.000.000,00 | | 6.000.000,00 | 3.516.364,50 | 1.775.640,50 | 5.292.005,00 | 88,20 |
| 742 Здравствено воспитание | | 3.328.915,00 | 3.328.915,00 | | 5.562.304,50 | 5.562.304,50 | 167,09 |
| 742 Младина | | 498.150,00 | 498.150,00 | 147.244,00 | 2.225.168,00 | 2.372.412,00 | 100,00 |
| 742 Катастрофи | | 1.461.104,00 | 1.461.104,00 | | 2.021.793,50 | 2.021.793,50 | 138,37 |
| 742 Дисеминација | | 704.000,00 | 704.000,00 | | 365.045,50 | 365.045,50 | 51,85 |
| 742 ЦК во акција - ПХВ | | 811.800,00 | 811.800,00 | | | 0,00 | 0,00 |
| 742 Информирање и комуникација | 100.000,00 | 701.966,00 | 801.966,00 | | | 0,00 | 0,00 |
| 742 Служба барање | | 130.000,00 | 130.000,00 | | 180.081,50 | 180.081,50 | 138,52 |
| 742 Меѓународно одделение | | 3.800.000,00 | 3.800.000,00 | | | 0,00 | 0,00 |
| 742 Активности за обезбедување финансиски средства | 300.000,00 | 200.000,00 | 500.000,00 | | 318.042,00 | 318.042,00 | |
| 742 Финансии | | | 0,00 | | 200.974,50 | 200.974,50 | 100,00 |
| **72 НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | | | | | |
| 725 Од ООЦК ( по основ на котизација ) | | 2.190.000,00 | 2.190.000,00 | 1.656.710,00 | 90.000,00 | 1.746.710,00 | 79,76 |
| 725 Донација од физички лица/телефон вработени | 280.000,00 | | 280.000,00 | 180.033,00 | | 180.033,00 | 64,30 |
| 725 Донација од правни лица / Продажба на возила | 600.000,00 | | 600.000,00 | 310.575,00 | | 310.575,00 | 51,76 |
| 725 Доплатна марки ( од законот на ЦК ) | 450.000,00 | | 450.000,00 | 268.743,00 | | 268.743,00 | 59,72 |
| 723 Од закупнинана деловен простор/дуги приходи | 1.650.000,00 | | 1.650.000,00 | 1.691.531,00 | | 1.691.531,00 | 102,52 |
| 725 Од регистрација возила | 750.000,00 | 14.250.000,00 | 15.000.000,00 | | 5.843.002,00 | 5.843.002,00 | 100,00 |
| 725 Од Едукативен Тренинг центар | 1.940.399,00 | | 1.940.399,00 | 1.056.500,00 | | 1.056.500,00 | 100,00 |
| 725 Пренесени вишок од минатата година | | | | 7.231.268,00 | | | |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | 12.420.399,00 | 45.134.435,00 | 57.554.834,00 | 16.298.127,50 | 40.093.215,50 | 56.391.343,00 | 97,98 |

# Р А С Х О Д И

| ОПИС | | Сопствени извори | Приходи од орг. и дон. | Буџет 2008 | Реализирано соп. извори | Реализирано орг. и дон. | Реализи. 2008 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | | | | | | | |
| **401** | **ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | | | | | | | |
| 4011 | Нето основни плати | 4.700.000,00 | | 4.700.000,00 | 3.046.013,00 | | 3.046.013,00 | 64,80 |
| 4012 | Надомест за превоз на вработени | 320.000,00 | | 320.000,00 | 147.306,00 | | 147.306,00 | 46,03 |
| 4012 | Надомест за храна на вработени | 650.000,00 | | 650.000,00 | 665.188,00 | | 665.188,00 | 102,33 |
| 4012 | Надомест за годишен одмор | 200.000,00 | | 200.000,00 | | | 0,00 | 0,00 |
| 4012 | Други надоместоци | 100.000,00 | | 100.000,00 | 98.000,00 | | 98.000,00 | 98,00 |
| **402** | **ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК** | | | | | | | |
| 4021 | Придонеси од плата на вработени | 3.196.000,00 | | 3.196.000,00 | 1.611.939,00 | | 1.611.939,00 | 50,43 |
| 4025 | Персонален данок од плата | 350.000,00 | | 350.000,00 | 268.607,00 | | 268.607,00 | 76,74 |
| 4025 | Персонален данок од надоместоци (дневници, јубилејни награди) | 300.000,00 | | 300.000,00 | 296.757,00 | 60.654,00 | 357.411,00 | 119,13 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ** | | **9.816.000,00** | | **9.816.000,00** | **6.133.810,00** | **60.654,00** | **6.194.464,00** | **63,106** |
| **420** | **ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ** | | | | | | | |
| 4201 | Патување во странство | 300.000,00 | 400.000,00 | 700.000,00 | 1.080.291,50 | 50.642,00 | 1.130.933,50 | 161,56 |
| 4201 | Патување во земјата | | | | 64.752,00 | 334.764,00 | 399.516,00 | 100,00 |
| **421** | **КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | | | | | | | |
| 4211 | Електрична енергија | 500.000,00 | | 500.000,00 | 402.505,50 | | 402.505,50 | 80,50 |
| 4211 | Водовод и канализација | 40.000,00 | | 40.000,00 | 50.251,50 | | 50.251,50 | 125,62 |
| 4211 | Ѓубретарина | 40.000,00 | | 40.000,00 | 28.571,00 | | 28.571,00 | 71,42 |
| **422** | **ЗАТОПЛУВАЊЕ** | | | | | | | |
| 4221 | Централно греење | 350.000,00 | | 350.000,00 | 381.470,00 | | 381.470,00 | 108,99 |
| **423** | **КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ** | | | | | | | |
| 4231 | Пошта | 60.000,00 | | 60.000,00 | 127.992,50 | 3.818,50 | 131.811,00 | 219,68 |
| 4231 | Телефон и телефакс | 300.000,00 | 150.000,00 | 450.000,00 | 612.092,00 | 64.764,00 | 676.856,00 | 150,41 |
| 4231 | Интернет | 100.000,00 | | 100.000,00 | 74.243,00 | | 74.243,00 | 74,24 |
| 4232 | Гориво | 350.000,00 | 200.000,00 | 550.000,00 | 817.242,50 | 331.733,00 | 1.148.975,50 | 208,90 |
| 4232 | Трошоци за регистрација возила | 200.000,00 | | 200.000,00 | 127.027,00 | | 127.027,00 | 63,51 |
| 4232 | Други расходи за транспорт (патарина,миење коли,лепење гуми) | 50.000,00 | | 50.000,00 | 36.756,00 | | 36.756,00 | 73,51 |
| **423** | **МАТЕРИЈАЛИ** | | | | | | | |
| 4231 | Канцелариски материјал | 200.000,00 | 361.596,00 | 561.596,00 | 435.569,50 | 310.818,00 | 746.387,50 | 132,90 |
| 4231 | Претплата за списанија и стручна литература | 40.000,00 | | 40.000,00 | 37.404,50 | | 37.404,50 | 93,51 |

| ОПИС | | Сопствени извори | Приходи од орг. и дон. | Буџет 2008 | Реализирано соп. извори | Реализирано орг. и дон. | Реализи. 2008 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4231 | Ленти, касети и друго за АОП | 50.000,00 | 200.000,00 | 250.000,00 | 72.442,00 | | 72.442,00 | 28,97 |
| 4259 | Копирање,печатење и издавање материјали | 1.253.000,00 | 3.375.019,00 | 4.628.019,00 | 1.259.494,00 | 3.081.989,00 | 4.341.483,00 | 93,80 |
| | Организација и развој | 100.000,00 | 100.000,00 | 211.246,00 | 187.410,00 | | 398.656,00 | 100,00 |
| | Информирање и комуникација | | 601.966,00 | 601.966,00 | 63.105,00 | | 63.105,00 | 10,48 |
| | Дисеминација | 123.000,00 | 123.000,00 | 246.000,00 | 26.078,00 | 95.384,00 | 121.462,00 | 49,37 |
| | Здравствено - воспитна дејност | | 265.553,00 | 265.553,00 | 50.804,00 | 268.952,00 | 319.756,00 | 100,00 |
| | Прва помош | 800.000,00 | | 800.000,00 | 617.422,00 | | 617.422,00 | 77,17 |
| | Меѓународна соработка | | 300.000,00 | 300.000,00 | | | | |
| | Крводарителство | | 1.900.000,00 | 1.900.000,00 | | 2.310.583,00 | 2.310.583,00 | 121,61 |
| | Социјално - хуманитарна дејност | | 184.500,00 | 184.500,00 | 217.351,50 | | 217.351,50 | 117,80 |
| | Служба барање | 30.000,00 | | 30.000,00 | | | | |
| | Маркетинг | | | | | 114.078,00 | 114.078,00 | 0,00 |
| | Финансии | | | | | | | |
| | Катастрофи | 100.000,00 | | 100.000,00 | 41.923,50 | | 41.923,50 | 41,92 |
| | Младински камп | 100.000,00 | | 100.000,00 | 31.564,00 | 105.582,00 | 137.146,00 | 137,14 |
| 4234 | Пијалоци, прехрамбени продукти средства за хигиена | 100.000,00 | 50.000,00 | 150.000,00 | 508.309,00 | 168.099,50 | 676.408,50 | 450,93 |
| 4239 | Материјали за противпожарна заштита | 20.000,00 | | 20.000,00 | | | | |
| 4239 | Материјали за посебна намена ( крводарители) | | 454.787,00 | 454.787,00 | 119.470,50 | | 119.470,50 | |
| 4239 | Други материјали | 200.000,00 | | 200.000,00 | 361.279,50 | 370.920,00 | 732.199,50 | 366,10 |

## 424 ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4241 | Поправка и одржување коли | 200.000,00 | | 200.000,00 | 348.504,00 | | 348.504,00 | 174,25 |
| 4244 | Трошоци за одржување опрема | 100.000,00 | | 100.000,00 | 55.705,00 | | 55.705,00 | 55,70 |
| 4242 | Трошоци за одржување зграда | 750.000,00 | | 750.000,00 | 1.609.654,50 | | 1.609.654,50 | 214,62 |
| 4244 | Одржување на софтвер и хардвер | 250.000,00 | | 250.000,00 | 89.552,50 | | 89.552,50 | 35,82 |

## 425 ДОГОВОРНИ УСЛУГИ

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4253 | Адвокатски услуги | 150.000,00 | | 150.000,00 | 202.361,00 | | 202.361,00 | 134,90 |
| 4257 | Семинари и состаноци | 1.805.000,00 | 6.448.333,00 | 8.253.333,00 | 938.620,00 | 2.007.723,00 | 2.946.343,00 | 35,69 |
| | Организација и развој | 200.000,00 | | 200.000,00 | 179.200,00 | | 179.200,00 | 89,60 |
| | Информирање и комуникација | 20.000,00 | 100.000,00 | 120.000,00 | 11.580,00 | | 11.580,00 | 9,65 |
| | Дисеминација | 150.000,00 | 350.000,00 | 500.000,00 | 9.240,00 | | 9.240,00 | 1,84 |
| | Здравствено - воспитна дејност | 20.000,00 | 339.829,00 | 359.829,00 | 3.500,00 | 229.471,00 | 232.971,00 | 64,74 |
| | Прва помош | 20.000,00 | | 20.000,00 | 286.338,00 | | 286.338,00 | 1.431,69 |
| | Крводарителство | 20.000,00 | 154.400,00 | 174.400,00 | 2.000,00 | 356.640,00 | 358.640,00 | 205,64 |
| | Социјално - хуманитарна дејност | 20.000,00 | 323.000,00 | 343.000,00 | 2.100,00 | 145.688,00 | 147.788,00 | 43,08 |
| | Служба барање | 20.000,00 | 130.000,00 | 150.000,00 | 1.500,00 | | 1.500,00 | 1,00 |
| | Маркетинг | 20.000,00 | 150.000,00 | 170.000,00 | | | | |
| | Финансии | 20.000,00 | | 20.000,00 | | | | |
| | Катастрофи | 20.000,00 | 901.104,00 | 921.104,00 | 9.000,00 | 534.919,00 | 543.919,00 | 59,05 |
| | Единица за одговор при катастрофи ( обука) | 250.000,00 | | 250.000,00 | 13.300,00 | | | |
| | Меѓународно одделение | | 3.800.000,00 | 3.800.000,00 | 66.462,00 | | 66.462,00 | 1,74 |
| | Седница на Извршен Одбор | 150.000,00 | | 150.000,00 | 91.860,00 | | 91.860,00 | 61,24 |
| | Собрание на ЦКРМ | 150.000,00 | | 150.000,00 | 152.840,00 | | 152.840,00 | 101,89 |
| | Состанок со секретарите / претседатели | 100.000,00 | | 100.000,00 | 54.360,00 | | 54.360,00 | 54,36 |
| | FACE | 400.000,00 | | 400.000,00 | | | | |
| | Младина | 225.000,00 | 200.000,00 | 425.000,00 | 55.340,00 | 741.005,00 | 796.345,00 | 187,37 |
| 4252 | Банкарска провизија | 60.000,00 | | 60.000,00 | 60.788,50 | 28.214,00 | 89.002,50 | 148,33 |
| 4252 | Осигурување на имот и обезбедување на обијекти | 150.000,00 | | 150.000,00 | 1.574,00 | | 1.574,00 | 1,04 |
| 4259 | Други финансиски услуги | 753.000,00 | 498.150,00 | 1.251.150,00 | 1.545.477,00 | 1.675.559,00 | 3.221.036,00 | 257,44 |
| 4259 | Други договорени услуги | 150.000,00 | | 150.000,00 | 1.173.536,50 | 389.665,50 | 1.563.202,00 | 1.042,13 |

| ОПИС | | Сопствени извори | Приходи од орг. и дон. | Буџет 2008 | Реализирано соп. извори | Реализирано орг. и дон. | Реализи. 2008 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Надворешна ревизија | 90.000,00 | | 90.000,00 | | | | |
| 4261 | Членарина во меѓународни организации | 180.000,00 | | 180.000,00 | 196.509,00 | | 196.509,00 | 109,17 |

## 426 ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4261 | Обезбедување на фондови / Судски решенија | | | | | | | |
| 4261 | Трошоци за меѓународна соработка | 300.000,00 | | 300.000,00 | 194.776,00 | | 194.776,00 | 64,92 |

## 463 ТРАНСФЕРИ ДО НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4631 | Трансфери до ООЦК | | 23.554.949,00 | 23.554.949,00 | | 16.082.116,50 | 16.082.116,50 | 68,27 |
| 4631 | Фонд за развој | | 1.095.000,00 | 1.095.000,00 | | | | |
| **ВКУПНО ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | **18.907.000,00** | **36.787.834,00** | **55.694.834,00** | **19.148.031,50** | **24.961.480,00** | **44.096.211,50** | **79,17** |

## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

## 483 КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ И КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4831 | Купување канцелариски мебел | | 60.000,00 | 60.000,00 | 440.458,00 | | 440.458,00 | 734,09 |
| 4832 | Купување на опрема ( ЕТЦ и Програм за катастрофи) | | 100.000,00 | 100.000,00 | 1.074.992,00 | 2.746.063,50 | 3.821.055,50 | 3.821,05 |

## 483 КУПУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4833 | Купување автомобил | 400.000,00 | | 400.000,00 | 1.005.020,00 | | 1.005.020,00 | 251,25 |

## 481 ОСНОВНО И СПЕЦИЈАЛНО ОДРЖУВАЊЕ

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Капитални инвестиции во ООЦК | 500.000,00 | | 500.000,00 | 240.000,00 | | 240.000,00 | 48,00 |
| | Поддршка за развој на ООЦК | 600.000,00 | | 600.000,00 | 180.000,00 | | 180.000,00 | 30,00 |
| 4812 | Реконструкција и реновирање на градежни објекти | 200.000,00 | | 200.000,00 | 2.491.931,00 | | 2.491.931,00 | 1.245,96 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **1.700.000,00** | **160.000,00** | **1.860.000,00** | **5.432.401,00** | **2.746.063,50** | **8.178.464,50** | **439,70** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **20.607.000,00** | **36.947.834,00** | **57.554.834,00** | **24.580.432,50** | **27.707.543,50** | **52.274.676,00** | **90,82** |

Финансиска Служба
Жаклина Поповиќ

Генерален Секретар
Саит Саити

## ФИНАНСОВИОТ ИЗВЕШТАЈ
**за 2008 година го одобрија членовите на Извршниот одбор на Црвениот крст на Република Македонија**

Д-р Милчо Трајков

Даут Селими

Сашо Точков

Мерита Колчи Коџаџику

Фатби Османи

Кирил Цоневски

Димитрова Дана

Катица Кипријановска

Крсте Поповски

Димитар Каракулев

Виолета Ивановска

Прим. Д-р Никола Камчев

Снежана Трајкова

Илија Ивановски

Иљбер Бесими



DFK INTERNATIONAL

# ДИМИТРОВ РЕВИЗИЈА

Друштво за ревизија

П. Фах 896, 1000 Скопје
Телефон: +389 2 3117-888
Тел./Факс: +389 2 3117-999
e-mail: finko@finko.com.mk

**До:**
**Раководството на**
**ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СКОПЈЕ**

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" (во понатамошниот текст Организација), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2008 година, како и на Билансот приходи и расходи, Извештајот за паричен тек и Извештајот за промени во деловниот фонд за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Приложените финансиски извештаи за 2008 година се состојат од извештаите за редовното работење на Организацијата како и извештаите за проектите: 1) Надградба на капацитети; 2) Служба за барање, дисеминација и подготовка; 3) Заеднички развој на заедницата; 4) Интензивна надградба на капацитети; 5) Глобален фонд за борба против ХИВ/СИДА; 6) Глобален фонд за зајакнување на превенцијата, дијагностика и третирање на ТБ; 7) Канадски ЦК - Мотивација на младите за крводарителство; 8) Шпански ЦК - Подршка на здравствената програма на ЦКРМ и 9) Германски ЦК - Училишна служба на Црвен Крст за едукација и превенција. Овие проекти се финансирани од посебни донатори и истите се реализираат преку посебни (наменски) потсметки на Организацијата. За нив Организацијата не изготвува посебни финансиски ивештаи.

***Одговорност на менаџментот ла финансиските извештаи***
Менаџментот на Организацијата е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

***Одговорност на ревизорот***
Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува ивршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјлно погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама и грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерпта контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење на ревизорот***
Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ја прикажуваат реално и објективно во сите значајни аспекти, финансиската состојба на организацијата на ден 31 декември 2008, како и резултатите на нејзиното работење, нејзините парични текови и промените во фондовите за годините кои завршуваат на тој ден, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа објавени во Република Македонија.

Скопје, 27 февруари 2009 година

Управител
Звонко Кочовски, Овластен Ревизор

Друштво за ревизија ДИМИТРОВ РЕВИЗИЈА ДОО Skopje

# ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА ДОВЕРБА ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Во текот на 2008 година од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка спроведено е истражување на јавното мислење за довербата во граѓанското општество. Дел од резултатите од спроведеното истражување укажуваат на позитивно мислење на голем дел на испитаниците во однос на работата и активностите на Црвениот крст на Република Македонија.

## Познавање на граѓански организации






## Ставови (позитивни/негативни) за граѓанските организации

Од почетокот на секоја листа на 24 организации е побарано да одговорат дали имаат позитивен или негативен став за соодветна организација.

Позитивните ставови за граѓанските организации се многукратно почести во однос на негативните. Појавата на негативни ставови за конкретни организации главно е кај незначително малцинство (до 10%). За 8 (1/3) од посочените 24 организации негативните ставови се над 10% (од 1,6 до 20,4%) што претставува малцинство од испитаниците.

**Однос на позитивни наспроти негативни ставови за одредени граѓански организации**



# БЛАГОДАРНОСТ
## до волонтери, членови на организацијата, партнери и донатори

Свесни сме дека нашите постигнувања и оптимизам се должат на залагањата и придонесот на нашите волонтери, членови на организацијата, раководството, управата и вработените и искрено им се заблагодаруваме за нивната посветеност и залагања за постигнувањата на Црвениот крст на Република Македонија во 2008 година. Истовремено сакаме да изразиме благодарност за континуираната поддршка на нашите партнери од земјава и странство - владините институции, невладините организации, медиумите, претпријатијата, граѓаните на Република Македонија, Меѓународниот Комитет на Црвен крст, Меѓународната Федерација и националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина.

- Меѓународна Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина
- Меѓународен комитет на Црвен крст
- Канадски Црвен крст
- Шпански Црвен крст
- Австриски Црвен крст - Штаер
- Германски Црвен крст
- Германски Црвен крст на Баден Виртемберг
- Висок комесаријат за бегалци
- UNDP
- Меѓународна организација за миграции
- Глобален Фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија
- НВО AESEK

- Министерство за одбрана
- Центар за управување со кризи
- Министерство за Внатрешни работи
- Царинска управа на РМ
- Министерство за труд и социјална политика
- Министерство за здравство
- Институт за белодробни заболувања и туберкулоза
- Фондација Т- мобиле на Македонија
- COSMOFON
- VIP
- COLGATE Palmolive Adria
- Скопски саем

# Договори и Меморандуми за соработка

*Црвениот крст на Република Македонија со цел да ги регулира взаемните односи за понатамошен развој, соработка, поддршка и партнерски односи со владини институции и меѓународни организации, во текот на 2008 година потпиша договори и меморандуми за соработка со:*

*Министерство за внатрешни работи*

*Министерство за внатрешни работи и Републички завод за Трансфузиологија*

*Министерство за труд и социјална политика*

*Сојуз на здруженијата на пензионери на Македонија,*

*Медицински факултет при универзитет “Св. Кирил и Методиј” - Скопје*

*Центар за управување со кризи*

*Дирекција за заштита и спасување*

*UNDP*

*Турска Црвена полумесечина*

*Германски Црвен крст*

*Шпански Црвен крст*

*Канадски Црвен крст*





200820082008

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ RAPORTI I PUNËS ANNUAL REPORT

www.redcross.org.mk